Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:11.09.2025 14:12:58
Reason:Документ со електронски печат
CN=JP Sluzhben vesnik na RSM, O=JP Sluzhben vesnik na Republika Severna Makedonija C.O. Skopje, OID.2.5.4.97=NTRMK-4054857, OU=VAT - 4030987108771, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 189** **11 септември 2025, четврток** **година LXXXI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3895. | **Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*)…………………. | 2 |
| 3896. | **Одлука** за формирање Национална комисија за следење на имплементацијата на стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028 година, со акциски план 2025-2026……………… | 7 |
| 3897. | **Протоколи** за терапевтски процедури во интервентната радиологија......... | 7 |
| 3898. | **Правилник** за начинот за избор на оценувачи и методологијата за оценување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија и програмите за развој на планските региони……………… | 18 |
| 3899. | **Правилник** за организирање на воздухопловни манифестации…….. | 21 |
| 3900. | **Правилник** за летачки операции со балони и пилоти на балони………… | 25 |
| 3901. | **Одлука** за изменување и дополнување на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија……………… | 26 |
| 3902. | **Одлука** за продолжување, изменување и дополнување на Лиценца за пробна работа……………………… | 30 |
| 3903. | **Одлука** за продолжување, изменување и дополнување на Лиценца за пробна работа……………………… | 35 |
| 3904. | **Објава** за движењето на индексот на цените на мало во Република Северна Македонија за месец август 2025 година………………………… | 40 |
| | **Огласен дел**..................................... | **1-88** |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3895.**

Врз основа на член 5 став 4 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15, 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19, 39/22 и 130/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 септември 2025 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА (*)

Член 1

Во Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 222/20, 281/20, 4/21, 53/21, 135/21, 197/21, 292/21, 78/22, 188/22, 218/22, 25/23, 74/23, 166/23, 202/23, 275/23, 91/24, 258/24 и 62/25), во член 1 во ставот (2) по бројот „509“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по Прилогот 510, се додаваат четири нови Прилози 511, 512, 513 и 514, кои се составен дел на оваа уредба.

Член 2

Прилогот 213 се брише.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-7380/7
2 септември 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

(*) Со оваа уредба се врши усогласување со Регулативите на Комисијата на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, CELEX бр. 32024R2617, CELEX бр. 32024R2621, CELEX бр. 32024R3020, CELEX бр. 32024R3126 и CELEX бр. 32024R3133.

**Прилог 511**

| **Опис на стоката**<br>**Согласно регулатива (ЕК) бр. 2617/2024** | **Распоредување**<br>**(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Таканаречен проектор со тјунер (приемник) во исто кућиште со димензии приближно 53 × 13 × 34 cm, кој се состои од проектор со ласерска технологија за дигитална обработка на светлина (DLP) и вграден телевизиски приемник. Производот ги има следните главни карактеристики и интерфејси:<br>—безжично поврзување преку Bluetooth и Wi-Fi;<br>—паметен телевизор и вградени интелигентни асистенти (на пример, Google Assistant, Bixby, Alexa);<br>—компатибилност со Интернет работи (IoT);<br>—дигитални и аналогни ТВ приемници, —4K резолуција (3840 × 2160 пиксели);<br>—вградени звучници со ефект на просторен звук со 2,2 канали;<br>—3 HDMI порти;<br>—USB порта;<br>—дигитален аудио излез;<br>—Ethernet (LAN) RJ-45 порта;<br>—антена.<br>Производот може да прима телевизиски сигнали преку вградениот телевизиски приемник и видео сигнали преку компјутер или паметен телефон. Потоа, тие сигнали може да ги репродуцира како проекции на слики.<br>Дизајниран е да прикажува видеозаписи и фотографии на надворешен екран за проекција (кој не е вграден и не е презентиран со проекторот) или на ѕид.<br>(Види фотографии) (*)<br> | **8528 72 10** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименуванијата на тарифен број 8528, 8528 72 и 8528 72 10.<br>Проекторот вклучува телевизиски приемник затоа се смета дека е апарат за прием на телевизија. (Види, Коментарски забелешки за хармонизираниот систем (HSEN) за број 8528, трет став).<br>Иако проекторот не вклучува монитор или екран, тој се смета за уред за прикажување на видео запис, бидејќи содржи технологија за прикажување DLP која му овозможува на уредот директно да прикажува видео запис или фотографии со нивно проектирање на надворешен екран за проекција или на ѕид. Оттука, распоредувањето во тарифен број 8528 71 е исклучено. (Види исто така Коментарски забелешки за Хармонизиран систем (HSEN) за тарифен број 8528, точка (Г)).<br>Поради неговите објективни карактеристики, производот се смета како опрема за проекција која вклучува приемен апарат за телевизија. (Види исто така Коментарски забелешки за Комбинираната номенклатура на подброј 8528 72 10).<br>Проекторот со тјунер оттука ќе се распореди во тарифен подброј 8528 72 10, како телевизиска опрема за проектирање. |
| (*) Фотографиите се само од информативен карактер | | |

**Прилог 512**

| Опис на стоката Согласно регулатива (ЕК) бр. 2621/2024 | Распоредување (Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Машина, т.н. робот за тактички одговор кој се состои од следново:<br>- шасија поставена на гасеници со димензии од приближно 1 500 × 1 200 × 1 300 mm, со два електрични погонски мотори од 7,5 kW, со влечна сила до 4 тони (напојувана од литиум-јонска батерија);<br>- систем од камери со четири статички насочени камери, што пренесуваат слики во живо до корисникот;<br>- шест LED рефлектори позиционирани во насока на движење, како и LED амбиентално осветлување;<br>- апарат за гаснење на пожар со вода или пена, со капацитет до 2 000 l/min на 10 бари, целосно компатибилен за поврзување со црево од противпожарно возило;<br>- макари со телескопска поддршка за стабилност при ракување со тешки товари.<br>Производот се управува далечински со управувач со домет до 150 m и/или од системско транспортно возило преку интранет со домет до 2500 m (пренос по пат на WLAN).<br>Производот на барање може да се произведе во различни конфигурации во зависност од дополнителната опрема поставена на шасијата.<br>Дополнителната опрема може да вклучува подвижни камери за конвенционално и термичко снимање, дополнителни LED рефлектори, Раманов спектрометар за откривање на опасни материи, далечински управувана манипулативна рака за извршување на прецизни задачи (на пр. земање примероци), спој на приколка итн.<br>Производот, дизајниран за употреба во операции за гаснење на пожари и спасување, му овозможува на пожарникарскиот персонал да остане надвор од опасната зона (услови за истражување на опасен материјал, опасност од рушење или развој на голема топлина), додека истовремено учествува во операциите и далечински ги контролира од безбедно растојание. | **8424 89 70** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 од Оддел XVI и наименуванијата на тарифен број 8424 и тарифен подброеви 8424 89 и 8424 89 70.<br>Иако производот има голема влечна сила, распоредувањето во тарифен број 8701 е исклучено, затоа што возилото не е примарно конструирано за влечење или туркање на друго возило, уред или товар. (Види исто така Забелешка 2 од Глава 87).<br>Распоредување во тарифен број 8705 е исто така исклучено, затоа што производот нема карактеристики на возило од тарифен број 8705, не претставува тоа што е потполна шасија на моторно возило или камион. Ги нема барем следните механички карактеристики: погонски мотор, менувач и управувачка контрола за менување брзини, како и уреди за управување и сопирање. (Види исто така објаснување за хармонизираниот систем за тарифен број 8705.)<br>Производот е сложена машина согласно Забелешка 3 од Оддел XVI и треба да се распореди како да е сочинет само од онаа компонента што ја изведува главната функција на машината.<br>Поради објективните карактеристики на уредот за распрскување, главно волуменот, притисокот и растојанието на кое ја распрскува водата или пената, функцијата на распрскување се смета за главна функција на машината. Производот, оттука, треба да се распореди според уредот за распрскување.<br>Системот на камери и LED рефлекторите служат за далечинско управување и водење на машината, додека употребата на макарата за пренос на товар се изведува само со човечка интервенција со помош на кабел и, опционално, преку спојката на приколката.<br>Функциите за идентификација на потенцијални опасни зони, откривање на опасни материи и извршување на прецизни задачи се комплементарни и подредени во однос на функцијата за распрскување на вода или пена бидејќи се вршат со дополнителната опрема.<br>Оттука, производот се распоредува во тарифен подброј 8424 89 70, како други уреди за распрскување на течности. |

**Прилог 513**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр. 3020/2024** | **Распоредување<br>(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Таканаречени врвови за пипети, изработени од проѕирна полипропиленска пластика, со цилиндрично тело со конусен врв, со различни дијаметри и должини.<br>Врвовите на пипетите се заменливи компоненти за еднократна употреба кои можат да се вградат во апарати за пипетирање и во автоматски системи за дозирање (роботи за дозирање).<br>Овие производи се дизајнирани да се употребуваат за различни специфични дијагностички и истражувачки апликации за точно и доследено пренесување на мали, прецизни количини на течности.<br><br>(Види фотографија) (*)<br> | **3926 90 97** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, наименуванијата на тарифен број 3926, и тарифен подброј 3926 90 97.<br>Иако врвовите за пипети се погодни за употреба исклучиво или главно со уредите за пипетирање и автоматските системи за дозирање од тарифен број 8479 и битни се за абсорбција и прецизното дозирање на течноста, не може да се сметаат како делови на тие апарати, затоа што се работи за изменливи и компоненти за еднократна употреба.<br>Освен тоа, иако апаратот за пипетирање или автоматизираниот систем за дозирање не може да ја извршува својата функција без врвовите на пипетите, сепак е утврдено дека механичкото и електричното функционирање на тие машини не зависи од врвовите на пипетите.<br>Следствено, распоредувањето во тарифен број 8479, како делови од апаратот за пипетирање е исклучено. (Види исто така пресуда на Судот на правдата на Европската унија од 19 јули 2012 година во случај C-336/11, Rohm & Haas Electronic Materials CMP Europe GmbH and Others, ECLI:EU:C:2012:500, параграфи 35-39.)<br>Поради нивните објективни карактеристики, производите треба да се распоредат според нивниот составен материјал од кој се изработени, во тарифен број 3926, како производи од пластика.<br>Оттука, производите треба да се распоредат во тарифен подброј 3926 90 97, како други производи од пластика. |
| (*) Фотографиите се само од информативен карактер | | |

**Прилог 514**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр. 3133/2024** | **Распоредување<br>(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Правоаголен производ, со димензии приближно 185 cm × 132 cm, изработен од дебела, густо ткаена, еднобојна текстилна ткаенина од вештачки влакна (100 % полиестер) во форма на навлака (која е дизајнирана да биде наполнета) за правоаголна голема перница (т.н. вреќа за седење).<br>Производот има широки порабени рабови долж неговите страни. На четирите агли на порабените рабови се прицврстени четири метални окца, а на двата подолги порабени краеви прицврстено е по едно метално окце (на приближно една четвртина од должината мерена од аголот).<br>Производот има отвор за полнење што се затвора со патент затворач.<br>Заедно со производот доаѓаат и два прилагодливи ремени изработени од иста текстилна ткаенина како главниот производ и со прицврстена кука на секој крај. Ремените се дизајнирани да се фиксираат со металните куки со помош на нивните прицврстувачки окца, со цел да се подигне дел од перницата.<br>(Види фотографија) (*)<br> | **6307 90 98** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 7 (ѓ) кон Оддел XI и согласно наименуванијата на тарифен број 6307, и тарифен подброеви 6307 90 и 6307 90 98.<br>После полнењето производот заради своите објективни карактеристики, е сличен на перница. Дизајниран е како голема правоаголна перница, а не како седиште од тарифен број 9401 поради неговата нестабилност (пропаѓа под телесната тежина на корисникот кога ќе седне на неа). Оттука, полнетиот производ ќе биде распореден во тарифен подброј 9404 90 90 како постелнина за кревети и слични производи (на пример, перничиња, и перници) со примена на ОП 1 и 6. Меѓутоа, распоредување како ненаполнет и недовршен производ од тар. број 9404 како постелнина за кревети и слични производи е исклучено, затоа што производот ги нема суштинските карактеристики на комплетниот производ од тарифен број 9404 во смисол на ОП 2(а). Тој сеуште не е наполнет ниту внатрешно опремен со било каков материјал.<br>Со оглед на тоа што производот е навлака за голема перница, распоредување во тарифен број 6302 како постелнина е исклучено затоа што производот ги нема објективните карактеристики и својства на постелнина од тарифен број 6302. Тој не прекрива перница или душек од кревет како постелнината. (Види Регулатива за спроведување на Комисијата (ЕУ) 2024/966 (OJ L, 2024/966, 27.3.2024, ELI: http://data.europa.eu/eli/reg_impl/2024/966/oj).<br>Имајќи во предвид дека производот не може да се распореди во тар. број што е поконкретен од тарифен број 6307, производот ќе се распореди како друг готов производ од текстилни материјали. |
| (*) Фотографиите се само од информативен карактер | | |

**3896.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 септември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ВОДЕЊЕ ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ И КОНФИСКАЦИЈА НА ИМОТ ЗА ПЕРИОДОТ 2025-2028 ГОДИНА, СО АКЦИСКИ ПЛАН 2025-2026**

1. Со оваа одлука се формира Национална комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028 година, со Акциски план 2025-2026 (во натамошниот текст: Националната комисија).

2. Националната комисија ја сочинуваат претседател, заменик – претседател, 14 членови и нивни заменици и секретар, и тоа од:

- Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Репулбика Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење - претседател, заменик – претседател и секретар;
- Јавното обвинителство на Република Северна Македонија – член и заменик – член;
- Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – член и заменик – член;
- Судскиот совет на Република Северна Македонија – член и заменик – член;
- Основниот кривичен суд Скопје – член и заменик – член;
- Министерството за внатрешни работи - член и заменик - член;
- Министертвото за финасии – член и заменик – член;
- Министерството за финансии – Царинска управа – член и заменик – член;
- Министерството за финансии – Управа за финансиска полиција – член и заменик – член;
- Министерството за финансии – Управа за финансиско разузнавање – член и заменик – член;
- Министерството за финансии – Управа за јавни приходи – член и заменик – член;
- Министерството за правда – член и заменик – член;
- Агенцијата за управување со одземен имот – член и заменик – член;
- Јавното обвинителство на Република Северна Македонија - Канцеларија за поврат на имот (АРО Канцеларија) – член и заменик – член и
- Академијата за судии и јавни обвинители – член и заменик – член.

Во работата на Националната комисија по потреба може да учествуваат и претставници од други институции и надворешни експерти од соодветната област.

3. Административно – техничките работи за потребите на Националната комисијата, ги врши Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија – Кабинет на заменикот на претседателот на Владата на Репулбика Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење.

4. Националната комисија ги врши следните работи:

- ги координира активностите за имплементација на мерките утврдени во Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028 година, со Акциски план 2025-2026 (во натамошниот текст Статегијата);
- се грижи за доследна имплементација на Стратегијата;
- ги разгледува ефектите од имплементацијата на Стратегијата на утврдените активности и доставува извештаи до Националниот совет за водење на финансиски истраги и конфискација на имот (во натамошниот текст: Советот);
- прибира и обработува податоци за имплементација на активностите утврдени во Стратегијата;
- ги анализира согледаните проблеми при реализација на активностите утврдени во Стратегијата и предлага решенија до Советот;
- предлага преземање на мерки во случај на утврдени ризици од неспроведување или потешкотии при спроведување на утврдените цели во Акцискиот план 2025-2026;
- изработува деловник за работа.

5. Националната комисијата за својата работа подготвува и до Советот доставува годишен извештај за текот на спроведување на Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028 година, со Акциски план 2025-2026.

6. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање Национална комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023 година, со Акциски план („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 217/21).

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 50-6111/13<br>9 септември 2025 година<br>Скопје | Претседател на Комисијата<br>и заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>**Љупчо Димовски,** с.р. |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**3897.**

Врз основа на член 27 ставови (4 ) и (6) од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), Министерот за здравство утврди

**П Р О Т О К О Л И**
**ЗА ТЕРАПЕВТСКИ ПРОЦЕДУРИ ВО ИНТЕРВЕНТНА РАДИОЛОГИЈА**

**I. Емболизација на некрваречки мозочни аневризми**

**Вовед**

Мозочна аневризма претставува локализирано, абнормално испакнување или проширување на ѕидот на артерија во мозокот. Оваа состојба често останува незабележана бидејќи е типично асимптоматска додека не дојде до руптура на аневризмата. Сепак, кај некои пациенти може да се јават следните симптоми:

- Главоболка: силна, ненадејна
- Нарушувања на видот: заматен вид, двојно гледање.
- Невролошки симптоми: Во зависност од локацијата на аневризмата, пациентите може да доживеат симптоми како што се вкочанетост или слабост во лицето или екстремитетите, потешкотии во зборувањето или промени во менталниот статус.

Примарна нега/Семеен лекар:

а. Препознавање на симптоми: Кога пациентот ќе се јави со силни, ненадејни главоболки, невролошки симптоми или други загрижувачки знаци, матичниот лекар треба да ја разгледа можноста за мозочна аневризма.

б. Првична проценка:

- Спроведување на темелна медицинска историја и физички преглед.

- Природата, времетраењето и сериозноста на симптомите.

- Проценка на факторите на ризик на пациентот, како што е семејна историја за аневризми.

в. Упатување до специјалист: Доколку матичниот лекар се сомнева на мозочна аневризма врз основа на историјата на пациентот и клиничките наоди, го упатува пациентот до специјалист, обично невролог или неврохирург, за понатамошна евалуација и третман.

Специјалистичка евалуација

а. Преглед на историјата и клиничката евалуација:

Специјалистот ја прегледува медицинската историја на пациентот и врши темелен клинички преглед за да ја процени невролошката функција и сите дефицити.

Б. Дијагностички прегледи:

- Врз основа на симптомите на пациентот и клиничката проценка, специјалистот ординира соодветни дијагностички тестови, кои може да вклучуваат:

- Магнетна резонантна ангиографија или компјутеризирана томографска ангиографија за визуелизација на крвните садови и откривање на аневризмата.

в. Потврда за аневризма:

- Доколку се потврди присуството на неруптурирана мозочна аневризма, специјалистот разговара за наодите со пациентот и ги наведува потенцијалните опции за третман.

- Одлуката за начинот на третман треба да се донесе преку заеднички пристап кој вклучува неврохирурзи, интервентни радиолози и невролози.

Избор на третман: Ендоваскуларна или отворена операција

Упатствата од клучните студии како Меѓународната студија за неруптурирани интракранијални аневризми (ISUIA) и Студијата за неруптурирана церебрална аневризма на Јапонија (UCAS Јапонија) обезбедуваат важни сознанија за проценката на ризикот и одлучувањето за третман.

1. Големина на аневризма

Големината на аневризмата е клучен фактор во одлучувањето дали да се интервенира. Студиите на ISUIA и UCAS Јапонија нагласуваат дека ризикот од руптура се зголемува со големината на аневризмата, што директно влијае на изборот на третман.

- Ендоваскуларната емболизација често се препорачува за помали аневризми (7-10 mm), бидејќи е помалку инвазивно, нуди побрзо закрепнување и носи помалку непосредни хируршки ризици. Ова е особено погодно за пациентите со коморбидитети или оние со поголем ризик за операција.

- Хируршкото клипирање обично се претпочита за поголеми аневризми, особено оние поголеми од 10 mm, бидејќи обезбедува потрајно и дефинитивно решение. Ризикот од руптура во овие случаи е поголем, а клипингот нуди долготрајна заштита.

2. Локација на аневризма

- Ендоваскуларниот третман генерално се препорачува за аневризми лоцирани во задната циркулација, како што е на базиларната артерија или вертебробазиларниот систем, каде што хируршкиот пристап е поголем предизвик и ризичен.

- Хируршкото клипирање почесто се препорачува за аневризми лоцирани во предната циркулација, како што се оние кои се наоѓаат во средната церебрална артерија (MCA) или предната комуникациска артерија (AComA). Овие локации често се подостапни за операција, а клипингот обезбедува долготрајно решение со помал ризик од повторување.

3. Облик на аневризма

- Ендоваскуларниот третман генерално се препорачува за аневризми со правилни форми и тесни вратови, каде што може безбедно да се постават намотките. Меѓутоа, со појавата на пренасочувачи на проток и стентови, ендоваскуларните пристапи сега можат ефикасно да третираат аневризми со широк врат или неправилни аневризми. Пренасочувачите на проток го пренасочуваат протокот на крв од аневризмата, овозможувајќи ѝ да заздрави со текот на времето без да има потреба да се исполнува со намотки.

- Хируршкото клипирање сè уште е фаворизирано за одредени неправилни аневризми или аневризми со широк врат, особено кога ендоваскуларните техники, дури и со стентови или пренасочувачи на проток, може да не постигнат целосна оклузија или кога аневризмата се наоѓа во област подостапна за операција.

4. Возраст на пациентот и здравствена состојба

- Ендоваскуларниот третман генерално се претпочита за повозрасни пациенти или оние со повеќе коморбидитети. Минимално инвазивната процедура ги намалува хируршките ризици поврзани со отворената краниотомија, како што се инфекција, подолго време за опоравување или потенцијални невролошки компликации. Повозрасните пациенти, кои можеби нема добро да толерираат инвазивна хирургија, имаат корист од побрзо време на опоравување и помалку непосредни компликации.

- Хируршкиот клипинг, иако е поинвазивен, може да биде подобра опција за помладите, поздрави пациенти кои можат да го толерираат физичкиот стрес од операцијата. Клипингот обезбедува потрајно и долгорочно решение, особено за пациентите со подолг животен век. Овие пациенти можат да се справат со подолгото време за опоравување поврзано со клипингот.

5. Ризик од руптура

- Ендоваскуларниот третман често се избира кога ризикот од руптура е умерен, но сепак бара интервенција. Помалку инвазивната природа на ендоваскуларните пристапи, во комбинација со пократко време за опоравување, го прави ова силна опција за спречување на руптура без изложување на пациентот на значајни хируршки ризици.

- Хируршкиот клипинг е фаворизиран кога ризикот од руптура е поголем, особено за поголеми аневризми или оние на хируршки достапни локации каде што е неопходно потрајно решение. Клипингот често се препорачува за пациенти со аневризми кои покажуваат брз раст или имаат историја на руптура.

Ендоваскуларна емболизација на аневризмата

1. Предоперативна подготовка:

а. Администрација на анестезија: локална анестезија, седација или општа анестезија во зависност од удобноста и соработката на пациентот во текот на процедурата.

б. Антикоагулациони и антитромботични лекови:

- Ако пациентот зема антикоагуланти или антитромбоцитни лекови, можеби ќе треба да се прилагодат или привремено да се прекинат за да се минимизира ризикот од крварење во текот на процедурата.

2. Васкуларен пристап:

а. Стерилизација на местото за пристап пред да се направи мал засек.

б. Ретрограден пристап преку феморалната артерија.

3. Поставување катетер:

а. Водечки катетер: Постапката започнува со поставување на водечки катетер кој обезбедува почетен пристап до артерискиот систем.

б. Вметнување микрокатетер: Микрокатетер, кој е потенок и пофлексибилен, се поставува низ водечкиот катетер. Микрокатетерот се маневрира низ артериската мрежа, воден под флуороскопија до местото на аневризмата во мозокот.

4. Поставување на коили: Откако катетерот ќе биде поставен во аневризмата, коилите се поставуваат и ја исполнуваат аневризмата. Ова предизвикува тромбоза (згрутчување) во аневризмата со цел нејзина изолација од нормалната циркулација.

5. Хемостаза: По завршување на ендоваскуларниот третман, неопходно е да се постигне хемостаза на местото на пристап. Ова се прави или преку механичка компресија или преку специјализирани уреди дизајнирани безбедно да го затворат местото за пристап, минимизирајќи го ризикот од крварење.

Потенцијални компликации:

а. Хеморагија

б. Тромбоемболизам

в. Вазоспазам

г. Инфекција

д. Невролошки дефицити

Постоперативна нега:

- Префрлување на пациентот во просторија за опоравување со внимателно следење на виталните знаци и невролошкиот статус.

- Вршење редовни невролошки проценки за детекција на какви било непосредни компликации.

- Администрација на медикаменти.

Следење на пациентот

Закажани прегледи: од суштинско значење се серија закажани прегледи како и соодветни дијагностички радиолошки иследувања за следење на закрепнувањето на пациентот. Овие прегледи обично се распоредени со цел да се проценат краткорочните и долгорочните резултати.

**II. Емболизација на крваречки мозочни аневризми**

**Вовед**

Мозочна аневризма претставува локализирано, абнормално испакнување или проширување на ѕидот на артерија во мозокот. Кога мозочната аневризма руптурира, тоа резултира со субарахноидално крварење. Оваа состојба може да предизвика значително оштетување на мозочното ткиво и да доведе до потенцијално животозагрозувачки компликации, како што се мозочен удар, оштетување на мозокот или смрт.

Прием на пациентот и почетна проценка:

Пациентот обично е донесен од страна на итна медицинска помош во ургентниот центар. Првичната евалуација е фокусирана на проценка на состојбата на пациентот, обезбедување на дишните патишта и стабилизирање на виталните знаци.

Дијагностичка евалуација

Се ординира итен КТ преглед на глава без контрастно средство за да се исклучи субарахноидална хеморагија (САХ), која вообичаено е поврзана со руптура на мозочна аневризма. Доколку се потврди САХ, следниот чекор е КТ ангиографија за откривање на присуството и локацијата на аневризмата.

Хоспитализација

Откако ќе се потврди аневризмата, пациентот се хоспитализира и се започнува неврохируршка консултација. За време на хоспитализацијата, состојбата на пациентот внимателно се следи, вклучувајќи и невролошки проценки.

Соодветноста на аневризмата за емболизација зависи од различни фактори:

- Големина и морфологија: Ендоваскуларниот третман е генерално поефикасен за помали аневризми со сакуларна форма и тесен врат.

- Локација.

- Тежина на хеморагија: Тежината на субарахноидалната хеморагија (САХ) и нејзиното влијание врз клиничката состојба на пациентот влијаат на одлуката. Кај тешки случаи на крварење, стабилизацијата на пациентот има предност пред елективна емболизација.

- Присутни коморбидитети.

- Вазоспазам и компликации: Присуството на церебрален вазоспазам (стеснување на крвните садови во мозокот) и други компликации може да влијаат на времето и изводливоста на емболизацијата.

Избор на третман: Ендоваскуларна или отворена операција

Според Меѓународното испитување за субарахноидална аневризма (ISAT), изборот помеѓу ендоваскуларно емболизација и хируршки клипинг за лекување на руптурирана аневризма се заснова на неколку критични фактори:

1. Тајминг: ISAT ја нагласува итноста на третманот, препорачувајќи интервенција да се случи во рок од 24 часа по првичното крварење за да се намали ризикот од повторно крварење.

- Ендоваскуларната операција често е приоритет во ситуации чувствителни на време, бидејќи генерално е побрза за изведување и помалку инвазивна, што ја прави идеална за пациенти кои се нестабилни или критично болни.

- Хируршкото клипирање, иако е високо ефективно, може да потрае подолго за да се подготви и обично е резервирано за пациенти кои можат да толерираат поодложена процедура, особено ако се постабилни.

2. Состојба на пациентот: Целокупниот невролошки статус на пациентот е уште еден клучен фактор во одредувањето на пристапот на лекување, кој често се оценува со користење на скали како Хант и Хес скалата или скалата на Светската федерација на неврохируршки здруженија (WFNS).

- Пациентите со подобар невролошки статус (пониски оценки на овие скали) имаат поголема веројатност да толерираат ендоваскуларен третман или хируршки клипинг, што овозможува флексибилност во изборот на третман.

- Сепак, за пациентите со слаб невролошки статус (повисоки оценки), особено оние во критична или нестабилна состојба, често се претпочита ендоваскуларната емболизација поради неговата минимално инвазивна природа и побрзото време на закрепнување.

- Отворената операција или клипирање, иако ефективно, е поинвазивно и може да претставува поголем ризик за пациентите со тешки невролошки дефицити.

3. Присуство на хидроцефалус или интравентрикуларна хеморагија: Присуството на компликации како што се хидроцефалус или интравентрикуларна хеморагија значително влијае на изборот на третман. Овие состојби често бараат дополнителни интервенции, како што е поставување на надворешен вентрикуларен дрен (EVD) за управување со зголемен интракранијален притисок.

- Во такви случаи, хируршкиот клипинг може да биде фаворизиран, бидејќи овозможува директен пристап до аневризмата додека истовремено се адресираат овие компликации.

- Иако ендоваскуларниот третман останува остварлива опција, тој е помалку погоден за случаи каде што е присутен хидроцефалус или интравентрикуларна хеморагија, бидејќи директно не се справува со овие компликации.

4. Вазоспазам:

- Ендоваскуларниот третман често се фаворизира кај пациенти со висок ризик од вазоспазам, бидејќи процедурата е помалку инвазивна и овозможува побрзо зак-

репнување, минимизирајќи го прозорецот за појава на вазоспазам по операцијата. Дополнително, може да се изведат ендоваскуларни процедури како балон ангиопластика или интраартериска вазодилататорна инфузија доколку се развие вазоспазам.

- Хируршкиот клипинг може да биде поголем предизвик во услови на вазоспазам, бидејќи поинвазивната природа на процедурата и подолгиот период на опоравување може да го влошат ризикот.

5. Хематом: Присуството на голем интрацеребрален хематом е критичен фактор кој дава предност на хируршки третман, при што се овозможува евакуација на хематомот и клипинг на аневризмата во една процедура. Овој пристап помага да се намали интракранијалниот притисок додека директно се третира аневризмата, нудејќи двојна корист што не може да се постигне само преку ендоваскуларна емболизација.

6. Карактеристики на аневризмата: Според Меѓународното испитување за субарахноидална аневризма (ISAT), карактеристиките на самата аневризма играат значајна улога во одредувањето на соодветниот третман.

- Ендоваскуларната емболизација често се претпочита за аневризми кои се мали (обично <10 mm) и лоцирани во задната циркулација, како што е базиларната артерија, каде што хируршкиот пристап е поголем предизвик. емболизацијато е исто така погодно за аневризми со тесен врат, каде што намотките може ефективно да се спакуваат, намалувајќи го ризикот од рекрварење.

- Хируршкиот клипинг е фаворизиран за аневризми кои се поголеми (обично >10 mm), имаат широк врат или се со неправилна форма, бидејќи овие карактеристики го отежнуваат постигнувањето целосна и стабилна оклузија со намотки. Клипингот е особено корисен за аневризмите лоцирани во предната циркулација, каде што хируршкиот пристап е полесен и обезбедува трајно решение за долгорочно спречување на повторното крварење.

Ендоваскуларна емболизација на аневризмата

1. Предоперативна подготовка:

а. Администрација на анестезија: локална анестезија, седација или општа анестезија во зависност од удобноста и соработката на пациентот во текот на процедурата.

б. Антикоагулациони и антитромботични лекови:

- Ако пациентот зема антикоагуланти или антитромбоцитни лекови, можеби ќе треба да се прилагодат или привремено да се прекинат за да се минимизира ризикот од крварење во текот на процедурата.

2. Васкуларен пристап:

а. Стерилизација на местото за пристап пред да се направи мал засек.

б. Ретрограден пристап преку феморалната артерија.

3. Поставување катетер:

а. Водечки катетер: Постапката започнува со поставување на водечки катетер кој обезбедува почетен пристап до артерискиот систем.

б. Вметнување микрокатетер: Микрокатетер, кој е потенок и пофлексибилен, се поставува низ водечкиот катетер. Микрокатетерот се движи низ артериската мрежа, воден под флуороскопија до местото на аневризмата во мозокот.

4. Поставување на коили: Откако катетерот ќе биде поставен во аневризмата, коилите се вметнуваат и ја исполнуваат аневризмата. Ова предизвикува тромбоза (згрутчување) во аневризмата со цел изолација од нормалната циркулација.

5. Хемостаза: По завршување на ендоваскуларниот третман, неопходно е да се постигне хемостаза на местото на пристап. Ова се прави или преку механичка компресија или преку специјализирани уреди дизајнирани безбедно да го затворат местото за пристап, минимизирајќи го ризикот од крварење.

Потенцијални компликации:

а. Хеморагија

б. Тромбоемболизам

в. Вазоспазам

г. Инфекција

д. Невролошки дефицити

Постоперативна нега:

- Префрлување на пациентот во просторија за опоравување со внимателно следење на виталните знаци и невролошкиот статус.

- Вршење редовни невролошки проценки за детекција на непосредни компликации.

- Администрација на медикаменти.

Следење на пациентот

Закажани прегледи: од суштинско значење се серија закажани прегледи како и соодветни дијагностички радиолошки иследувања за следење на закрепнувањето на пациентот. Овие прегледи обично се распоредени со цел да се проценат краткорочните и долгорочните резултати.

**III. Механичка тромбектомија за третман на мозочен удар**

**Вовед**

Мозочен удар настанува кога протокот на крв во мозокот е блокиран или има ненадејно крварење во мозокот. Мозочниот удар што се јавува поради блокирање на протокот на крв во мозокот се нарекува исхемичен мозочен удар. Без кислород и хранливи материи, мозочните клетки почнуваат да умираат за неколку минути. Мозочниот удар што се јавува поради ненадејно крварење во мозокот се нарекува хеморагичен мозочен удар. Овој протокол ги прикажува процедурите за спроведување на механичка и аспирациона тромбектомија кај квалификувани пациенти со исхемичен мозочен удар.

Симптоми на мозочен удар

Вообичаени симптоми на мозочен удар вклучуваат:

- Ненадејна вкочанетост или слабост во лицето, раката или ногата, особено на едната страна од телото.

- Ненадејна конфузија, проблеми со говорот или потешкотии во разбирање на говорот.

- Ненадејни проблеми со видот.

- Ненадејна силна главоболка без позната причина.

- Ненадејни проблеми со движење, вртоглавица, губење на рамнотежа или недостаток на координација.

Механичка тромбектомија е ендоваскуларна процедура

Механичката тромбектомија се изведува исклучиво со ендоваскуларен пристап и не се изведува преку традиционална хирургија. Традиционалната отворена хирургија не е погодна за церебралните артерии поради сложеноста и деликатната природа на овие артерии, што ги прави ендоваскуларните методи единствена опција за механичка тромбектомија во третманот на мозочен удар предизвикан од оклузии на големи артерии.

Евалуација на пациентот и проценка за тромбектомија

По пристигнувањето во ургентниот центар, на пациентот со симптоми кои укажуваат на мозочен удар му се ординираат соодветните дијагностички имиџинг прегледи за да се процени состојбата и подобноста за тромбектомија. Овие прегледи вклучуваат:

А. Компјутерска томографија без контрастно средство: Ова се изведува за да се исклучи хеморагичен мозочен удар и да се идентификуваат исхемичните промени.

Б. КТ ангиографија или МР ангиографија: Се користат за да се евалуираат крвните садови на мозокот и да се одреди локацијата и обемот на тромбот и исхемијата.

Невролог и интервентен радиолог ќе бидат вклучени за да се процени невролошкиот статус на пациентот и да се потврди неговата подобност за тромбектомија. За време на оваа консултација, се разгледуваат различни фактори, вклучувајќи:

1. Потврда за исхемичен мозочен удар: Дијагностичките прегледи го потврдуваат присуството на исхемичен мозочен удар.

2. Временски прозорец: Потврда дека пациентот спаѓа во одобрениот временски период за тромбектомија, што обично е во рок од 6 часа од почетокот на симптомите, иако во одредени случаи може да се применат продолжени временски периоди и до 24часа.

3. Оклузија на голем крвен сад: Проценка дали тромбот вклучува голем сад, како што е внатрешната каротидна артерија, средната церебрална артерија или базиларната артерија.

4. NIH Stroke Scale Score (NIHSS): Оценување на NIHSS резултатот на пациентот, при што пациентите обично имаат поголема корист од тромбектомија ако имаат умерен до тежок невролошки дефицит (обично NIHSS ≥ 6).

Механичка тромбектомија при мозочен удар

Механичката и аспирационата тромбектомија ги вклучува следните чекори:

- Анестезија: Локална анестезија, свесна седација или општа анестезија според состојбата на пациентот.
- Пристап во феморалната артерија: Пристап во феморалната артерија со катетер и жица водилка.
- Навигација: Движење на катетерот низ артерискиот систем до местото на тромбот.
- Отстранување на тромбот:
- Механичка тромбектомија: Се користи стент ретривер или друг механички уред за да се извади тромбот.
- Аспирациона тромбектомија: Се користи вакуум аспирациски катетер за внимателна аспирација на тромбот.
- Ангиограм по тромбектомија: Се прави финален ангиограм за да се потврди целосната реканализација на зафатената артерија.
- Хемостаза: Ова се прави преку механичка компресија или преку специјализирани уреди дизајнирани безбедно да го затворат местото за пристап.

Постпроцедурална нега и мониторинг

По процедурата за тромбектомија, пациентот ќе добие специјализирана нега, вклучувајќи:

- Непосредно следење: Пациентот ќе биде внимателно следен во посебна единица за мозочен удар за да се откријат евентуални непосредни компликации.
- Невролошки мониторинг: Континуирана проценка на свеста, моторичките вештини и говорот на пациентот.
- Витални знаци: Редовно следење на крвниот притисок, отчукувањата на срцето и нивото на кислород.
- Дијагностички имиџинг: Може да се спроведат дополнителни прегледи за да се потврди успехот на постапката и да се проверат крвните садови на мозокот.
- Лекови: Давање на препишани лекови за да се спречи понатамошно згрутчување.

Следење на пациентот

Закажани прегледи: од суштинско значење се серија закажани прегледи како и соодветни дијагностички радиолошки иследувања за следење на закрепнувањето на пациентот. Овие прегледи обично се распоредени со цел да се проценат краткорочните и долгорочните резултати.

**IV. Трансартериска хемоемболизација на тумори на хепар**

**Вовед**

Трансартерисната хемоемболизација (TACE) е високоспецијализирана и минимално инвазивна интервентна радиолошка процедура која се користи селективно да се испорача хемотерапија директно до туморите на црниот дроб, како и за истовремена опструкција на нивното снабдување со крв, што ја прави ефикасна опција за третман на примарни и секундарни тумори на црниот дроб.

Дијагноза на тумори на црниот дроб

Дијагностицирањето на туморите на црниот дроб ги вклучува следниве чекори:

- Клиничка проценка: Се спроведува сеопфатна медицинска историја, физички преглед и проценка на функцијата на црниот дроб за да се идентификуваат потенцијалните симптоми или фактори на ризик поврзани со тумори на црниот дроб.
- Дијагностички имиџинг:
- Ултразвук: Иницијален модалитет за преглед за откривање на абнормалности на црниот дроб.
- КТ преглед: Обезбедува детални информации за големината, локацијата и карактеристиките на лезиите на црниот дроб.
- МР преглед: Корисен за понатамошна карактеризација и евалуација на тумори на црниот дроб.
- ПЕТ-КТ преглед: Може да се користи за да се процени активноста на туморот и да се исклучат метастази.
- Биопсија на црниот дроб: Во некои случаи, биопсијата може да биде неопходна за да се потврди типот на тумор на црниот дроб и да се процени неговата агресивност.

Избор на третман: TACE или отворена операција

Одлуката помеѓу TACE и операцијата за тумори на црниот дроб првенствено се заснова на Барселонскиот систем за стадиум на рак на црниот дроб (BCLC) и Миланските критериуми.

1. Пациенти кандидати за TACE

- BCLC Стадиум Б (Интермедијарна фаза): TACE најчесто се применува кај пациенти со интермедијарна фаза на хепатоцелуларен карцином. Овие пациенти обично имаат повеќе тумори во црниот дроб, но немаат васкуларна инвазија или екстрахепатично ширење.
- Пациенти кои не се кандидати за хирургија: TACE често се користи кај пациенти кои не се соодветни за операција, било поради бројот на тумори, нивната локација или вкупната здравствена состојба на пациентот.
- Непогодни за трансплантација според Миланските критериуми или како мост кон трансплантација: Пациенти кои не се квалификуваат за трансплантација на црниот дроб според Миланските критериуми (на пример, повеќе тумори надвор од дозволените граници за големина или број) може да се третираат со TACE за контрола на растот на туморот. TACE исто така се користи како преодна терапија за управување со големината и прогресијата на туморот кај пациенти кои чекаат на трансплантација на црниот дроб, помагајќи да се одржи болеста во рамките на критериумите за трансплантација.
- Пациенти со зачувана функција на црниот дроб: TACE се препорачува за пациенти со зачувана функција на црниот дроб (Child-Pugh A или Б), што значи дека црниот дроб сè уште може адекватно да функционира и покрај присуството на ракот. TACE не е соодветен за пациенти со сериозно нарушена функција на црниот дроб (Child-Pugh C).

Мултидисциплинарен тим

Консултации со онколог, гастроентерохепатолог и интервентен радиолог за да се процени клиничкиот статус на пациентот, функцијата на црниот дроб и карakте-

ристиките на туморот за да се одреди подобноста за ТАСЕ. Здравствениот тим разговара за потенцијалните придобивки, ризици и алтернативи на ТАСЕ со пациентот, добивајќи информирана согласност.

Трансартериска хемоемболизација

1. Подготовка: Локална анестезија се администрира за да се обезболи местото на пристап, обично тоа е феморалната или радијалната артерија.

2. Поставување на катетер: Под водство на флуороскопија и со користење на контрастно средство, интервентниот радиолог го маневрира водечкиот катетер низ артериската мрежа сѐ до артеријата која го снабдува туморот со крв.

3. Хемоемболизација: Откако прецизно ќе се идентификува снабдувањето со крв на туморот, мешавина од лекови за хемотерапија се инјектира директно во артеријата преку катетерот. Потоа, интервентниот радиолог внесува емболиски агенси, како што се мали честички или зрна, преку катетерот, кои ги блокираат крвните садови што го хранат туморот, прекинувајќи го неговото снабдување со крв и заробувајќи ја хемотерапијата во туморот.

4. Проценка по третманот: Ангиографски се потврдува дека снабдувањето со крв на туморот е ефикасно блокирано, а хемотерапијата е прецизно дадена.

5. Хемостаза: Ова се прави преку механичка компресија или преку специјализирани уреди дизајнирани безбедно да го затворат местото за пристап.

Постпроцедурална нега и мониторинг

По процедурата, пациентот е внимателно следен во одредена просторија за опоравување неколку часа за да се обезбеди неговата стабилност и одговор на третманот. За ова време:

- Следење на виталните знаци.
- Менаџмент на болка и непријатност: Некои пациенти може да доживеат блага непријатност или несакани ефекти, кои може да вклучуваат абдоминална болка, гадење или симптоми слични на грип. Овие симптоми генерално добро се поднесуваат, но може да се администрираат соодветни лекови за да се олесни каква било непријатност.
- Набљудување за компликации: Здравствениот тим ги следи сите непосредни компликации по процедурата, како што се крварење или алергиски реакции, и презема брза акција доколку е потребно.
- Едукација на пациентот: На пациентот му се обезбедуваат инструкции по процедурата, вклучувајќи насоки за справување со каква било непријатност, препораки за исхрана и ограничувања на активностите.

Следење на пациентот

Редовни прегледи како и соодветни дијагностички иследувања, како што се КТ или МР, со цел следење на одговорот на туморот на процедурата и проценка на потребата од дополнителни третмани.

**V. Ендоваскуларен третман на периферна артериска болест**

**Вовед**

Атеросклероза на артериите на екстремитетите е честа васкуларна состојба која се карактеризира со таложење на наслаги во артериите, што доведува до стеснување или оклузија на артеријата и намален/отсутен проток на крв. Балонската дилатација на периферните артериски крвни садови е минимално инвазивна процедура која може да се користи за лекување на оваа состојба со отворање на стеснетите или оклудираните артерии. Овој протокол ги прикажува чекорите за евалуација, упатување и третман на пациенти со атеросклероза на долните екстремитети кои можат да имаат корист од ангиопластика.

Евалуација и селекција на пациент

а. Почетна проценка: Матичниот лекар треба да спроведе темелна почетна проценка, вклучувајќи детална медицинска историја и физички преглед на пациентот. Оваа проценка треба да се фокусира на идентификување на симптомите како што се:

- Абнормалности на пулсот: Лекарот може да открие слаби или отсутни пулсирања на погодениот екстремитет при спроведување на физички преглед.
- Клаудикација: Клаудикацијата е карактеристичен симптом на периферна артериска болест. Се карактеризира со грчеви или болки во мускулите од задната ложа на потколеницата и/или болки во колковите, особено за време на физичка активност како одење или вежбање. Оваа болка често се подобрува со одмор.
- Вкочанетост или слабост.
- Промена во температурата: Зафатениот екстремитет може да биде значително поладен од остатокот од телото, особено во споредба со другиот екстремитет.
- Промени во бојата: Најчесто екстремитетот е блед поради намален проток на крв и може да стане црвен кога ќе се спушти како компензаторна реакција, додека тешките случаи може да покажат синкаво или виолетово пребојување (цијаноза) кога е покачен. Може да изгледа сјаен и затегнат поради намален проток на крв.
- Промени на ноктите: Намалениот проток на крв може да доведе до намален раст и кршливост на ноктите.
- Бавно зараснување на раните: Посекотини или рани на нозете или стапалата може бавно или слабо да зараснуваат. Во тешки случаи, може да се развијат незаздравувачки улкуси или гангрена.

б. Упатување до специјалист: Врз основа на првичната проценка и клиничките наоди, доколку матичниот лекар се сомнева на атеросклероза или смета дека е потребна дополнителна евалуација, тој треба да го упати пациентот кај специјалист.

в. Специјалистичка евалуација: По упатување од матичниот лекар, специјалистот игра една од клучните улоги во проценката и дијагностицирањето на периферната артериска болест. Специјалистот, кој поседува специјализирано знаење и искуство во васкуларното здравје, спроведува сеопфатна евалуација на пациентот. Оваа проценка вклучува:

- Темелна медицинска историја: Специјалистот истражува во медицинската историја на пациентот, посветувајќи големо внимание на факторите на ризик како што се пушењето, дијабетесот, хипертензијата, хиперлипидемијата и семејната историја на кардиоваскуларни болести. Деталната медицинска историја помага да се идентификуваат потенцијалните придонесувачи.
- Клинички преглед: Се врши прецизен физички преглед, со фокус на евалуација на симптомите на пациентот и проценка на погодените екстремитети. Специјалистот може да провери дали има знаци на намален или отсутен пулс, промени на кожата, температурни разлики и присуство на клаудикација за време на физичката активност.
- Дијагностички иследувања: За да се потврди дијагнозата и да се утврди сериозноста, специјалистот може да ординира комбинација на дијагностички тестови, вклучувајќи:
- Доплер ултразвук: Овој неинвазивен преглед користи звучни бранови за да го процени протокот на крв во артериите. Обезбедува вредни информации за брзината и насоката на протокот на крв, помагајќи да се идентификуваат областите на артериска стеноза или оклузија.
- КТ ангиографија или МР ангиографија: Овие напредни имиџинг модалитети нудат детална визуелизација на артериите. КТ ангиографијата користи рендгенски

зраци и контрастно средство за да создаде слики во пресеци на крвните садови, додека МР ангиографијата користи моќни магнети и радио бранови за проценка. Двата теста помагаат во проценката на степенот, локацијата и сериозноста на артериските блокади, насочувајќи ги одлуките за третман.

- Дигитална субтракциона ангиографија: Процедура за дијагностицирање на промените на крвните садови со помош на контрастно средство за визуелизација. Истата постапка може да се направи и со контрастно средство со CO2 кое има низа помалку негативни системски ефекти, а воедно дава и задоволителен ефект во дијагностиката, т.е. третманот на крвните садови.

- Интраваскуларен ултразвук: Претставува метода на дијагностика со катетер кој содржи ултразвучен трансдуцер и со кој истовремено се визуелизира внатрешноста на крвниот сад, морфологијата на атеросклеротскиот плак, степенот на стеснување/оклузија, реканализација, големината на крвниот сад и постинтервентниот резултат и проток.

г. Заедничка проценка: Специјалистот соработува со радиологот кој го интерпретирал извештајот од КТ или МР ангиографијата. Заедно, тие прават сеопфатна проценка на состојбата на пациентот и врз основа на оваа заедничка евалуација, го одредуваат најсоодветниот курс на лекување.

Пациентите кои може да се сметаат за соодветни кандидати за ангиопластика треба да ги исполнуваат следниве специфични критериуми:

- Симптоматска сериозност: Пациентот покажува тешки симптоми кои значително го попречуваат неговиот секојдневен живот и активности. Овие симптоми може да вклучуваат силна клаудикација, исцрпувачка вкочанетост или незаздравувачки улкусни рани на долните екстремитети. Тежината на симптомите треба да биде таква што значително ќе влијае на квалитетот на животот на пациентот.

- Значајна артериска стеноза: Дијагностичкото снимање потврдува присуство на значителна артериска стеноза, обично надминувајќи го прагот од 70% стеснување. Овој критериум осигурува дека васкуларната блокада е од големина што гарантира интервенција за да се врати соодветен проток на крв.

- Непосакуван одговор на конзервативен менаџмент: И покрај конзервативните мерки (модификации на животниот стил, терапија со лекови), симптомите на пациентот и артериската стеноза продолжуваат или се влошуваат.

- Отсуство на контраиндикации: Пациентот не покажува никакви контраиндикации или фактори кои значително би ги зголемиле ризиците поврзани со ангиопластика, како што се тешки коегзистирачки медицински состојби или алергии на контрастно средство.

Овој заеднички пристап осигурува дека секој пациент добива план за лекување приспособен на нивните уникатни околности.

Избор на третман: Ендоваскуларна или отворена операција

Според насоките од Европското здружение за кардиологија (ESC) и Американскиот колеџ за кардиологија/Американската кардиолошка асоцијација (ACC/AHA), ендоваскуларните интервенции се претпочитаат за пациенти кои ги исполнуваат следниве услови:

- Интермитентна клаудикација: Ендоваскуларниот третман обично се препорачува за пациенти со благи до умерени симптоми на интермитентна клаудикација. Овие пациенти обично имаат фокални, пократки стенози кои можат успешно да се третираат со минимално инвазивни процедури.

- Карактеристики на лезијата: Пократките лезии (<10 cm) во површната феморална артерија или поплитеалната артерија се идеални кандидати за ендоваскуларен третман. Стенозите или оклузиите во илијачните артерии, исто така, добро реагираат на ендоваскуларни пристапи.

- Пациенти со висок хируршки ризик: Пациентите кои се сметаат за високоризични за операција поради возраста или коморбидитети често се насочуваат кон ендоваскуларен третман.

- Критична исхемија на екстремитетите: За пациенти со критична исхемија на екстремитетите, ендоваскуларниот третман е често преферnear почетен пристап, особено ако лезиите се под коленото (инфрапоплитеални).

Процедура за ангиопластика

1. Информирана согласност: Здравствениот тим води темелна дискусија со пациентот, објаснувајќи ја природата на интервенцијата, нејзините цели и очекуваните придобивки.

2. Предпроцедурални лекови:

- Антитромбоцитни агенси и антикоагуланси: Во зависност од медицинската историја, може да се администрираат лекови како аспирин, клопидогрел или хепарин за да се спречи формирање на згрутчување на крвта.

- Анестезија или седација: Се обезбедува локална анестезија или седација за удобност на пациентот.

3. Процедура за ангиопластика:

- Пристап: Интервентниот радиолог избира соодветно место за пристап, најчесто во пределот на препоните (a. femoralis communis), го чисти и стерилизира местото.

- Поставување на жица водилка: Тенка, флексибилна жица внимателно се поминува низ местото на артериската стеноза/оклузија под флуороскопско водство.

- Вметнување катетер: Се поставува дијагностички катетер, се инјектира контрастно средство за верификација, а потоа се вметнува балон-катетер преку жицата до местото на блокадата.

- Надувување на балон: Балонот се надувува, со што се компресира плакот наспроти ѕидовите на артеријата, проширувајќи го луменот и обновувајќи го протокот на крв. Потоа балонот се издувува и се отстранува. Повторно се инјектира контраст за да се верифицира ефектот.

- Поставување стент (ако е потребно): Во некои случаи, може да се постави стент за да помогне артеријата да остане отворена.

- Хемостаза: Се постигнува хемостаза на местото на пристап преку механичка компресија или специјализирани уреди.

- Флуороскопија: Во текот на целата процедура се користи флуороскопија за прецизно поставување на катетерот.

4. Мониторинг по процедурата:

- Период на опоравување: По ангиопластиката, се прави контролна проценка, а пациентот внимателно се следи во просторија за опоравување. Состојбата на пациентот континуирано се проценува за знаци на крварење, болка или други компликации.

- Едукација на пациентот: На пациентите им се обезбедуваат детални инструкции за потенцијалните несакани ефекти, ограничувањата на активноста и управувањето со лековите.

Следење и промена на животниот стил:

- Редовни прегледи: Се закажуваат редовни прегледи и дијагностички иследувања за следење на закрепнувањето.

- Промена на животниот стил:

- Престанок со пушење: Критичен чекор за намалување на ризикот од дополнителни васкуларни компликации.

- Редовно вежбање: Витално за подобрување на кардиоваскуларното здравје и циркулацијата.

- Промени во исхраната: Се препорачува урамнотежена исхрана со намален внес на натриум и нездрави масти.

## VI. Стентирање на каротидна артерија

**Вовед**

Стентирањето на каротидна артерија е минимално инвазивна медицинска процедура дизајнирана за лекување на стеноза (стеснување) и оклузија (целосна блокада) на каротидната артерија, состојби кои може значително да го попречат протокот на крв во мозокот и да го зголемат ризикот од мозочен удар. Овој протокол ги прикажува чекорите за евалуација, упатување и третман на пациентите со оваа болест.

Симптоми

Стенозата или оклузијата на каротидната артерија може да се манифестира со различни симптоми, кои може да вклучуваат:

- Транзиторни исхемични напади (ТИА) или мозочни удари.
- Еднострана слабост или вкочанетост.
- Нејасен говор или афазија.
- Визуелни нарушувања, како што се заматен вид или привремено слепило.
- Нарушен мисловен процес и помнење.
- Тешкотии при голтање.
- Асимптоматски случаи.

Дијагностичка евалуација

Во дијагностицирањето се вклучени невролози, радиолози, кардиолози и васкуларни хирурзи. Дијагнозата вклучува комбинација на клиничка евалуација и дијагностички тестови:

- Детална медицинска историја и физички преглед: Проценка на факторите на ризик и невролошки симптоми.
- КТ на мозок без контрастно средство: За да се исклучат други потенцијални причини за симптомите.
- Каротиден доплер ултразвук: Често дијагностичка алатка од прва линија која користи ултразвук за да создаде слики на каротидните артерии.
- КТ ангиографија или МР ангиографија: Обезбедуваат детални слики на каротидните артерии за посеопфатна проценка.
- Дигитална субтракциона ангиографија: Се смета за златен стандард за проценка на болеста на каротидните артерии.

Избор на третман: Ендоваскуларна или отворена операција

Изборот помеѓу стентирање (CAS) и ендартеректомија (CEA) се базира на критериуми од клучни клинички испитувања и упатства како CREST, SAPPHIRE, AHA/ASA и ESVS.

Кандидати за стентирање на каротидна артерија

1. Пациенти со висок хируршки ризик: Пациентите со тешка срцева болест или други коморбидитети се главни кандидати за стентирање. Студијата SAPPHIRE покажа дека CAS е побезбедна опција кај оваа популација.

2. Возраст на пациентот: Пациентите обично под 70-годишна возраст имаат тенденција да имаат подобри резултати со стентирање, додека кај повозрасните пациенти ендартеректомијата може да биде подобра опција, според студијата CREST.

3. Анатомска соодветност: Стентирањето се претпочита во случаи на:

- Висока каротидна стеноза (над C2) која е тешко пристапна хируршки.
- Лезии што се протегаат до основата на черепот.
- Рестеноза по претходна ендартеректомија.
- Стеноза индуцирана од зрачење.
- Каротидна дисекција и фибромускулна дисплазија.
- Тандем интракранијална стеноза, каде стентирањето може да ги третира двете стенози во една процедура.

4. Симптоматска каротидна стеноза: Стентирањето е соодветна алтернатива за пациенти со симптоматска стеноза (≥50%) кои се со висок хируршки ризик.

5. Асимптоматска каротидна стеноза со висок хируршки ризик: За пациенти со асимптоматска стеноза (>60%) кои се изложени на висок ризик за операција, стентирањето е ефикасна опција за намалување на ризикот од иден мозочен удар, поддржано од студијата SAPPHIRE.

Мултидисциплинарен пристап:

Тим составен од васкуларни хирурзи, невролози и интервентни радиолози одлучува за најсоодветниот третман, земајќи ги предвид здравјето на пациентот, коморбидитетите и анатомската соодветност.

Стентирање на каротидна артерија

Постапката ги вклучува следните чекори:

а. Подготовка на пациентот: Пациентот се поставува на ангиографска маса и се дава локална анестезија.

б. Васкуларен пристап: Катетер се вметнува и се води до каротидната артерија под флуороскопско водство.

в. Поставување на филтер за заштита од интрацеребрална емболизација.

г. Балон ангиопластика: Балон катетер се надувува за да се прошири стеснетата артерија.

д. Поставување на стент: На местото на стенозата се поставува стент за да се одржи артеријата отворена.

ѓ. Ангиографија по стентирање: Се инјектира контрастно средство за да се потврди позицијата на стентот и обновувањето на протокот на крв.

е. Хемостаза: Се постигнува на местото на пристап за да се минимизира ризикот од крварење.

Мониторинг по процедурата:

- Период на опоравување: Пациентот внимателно се следи во просторија за опоравување.
- Набљудување: Состојбата на пациентот континуирано се проценува за знаци на невролошко страдање, крварење или други компликации на пристапното место.
- Едукација на пациентот: На пациентите им се обезбедуваат детални инструкции по процедурата.

Следење на пациентот

Се закажуваат редовни прегледи и дијагностички иследувања за следење на закрепнувањето на пациентот и за проценка на краткорочните и долгорочните резултати.

## VII. Трансартериска емболизација на крвен сад при крварење

**Вовед**

Внатрешното крварење, познато и како хеморагија, се јавува кога крвта истекува надвор од крвните садови или ткивата во телото. Тоа може да се манифестира во различни форми и да резултира од низа причини, од кои секоја бара навремена евалуација и третман.

1. Причини за внатрешно крварење: Внатрешното крварење може да резултира од различни причини, вклучувајќи траума, повреда, операција, основни медицински состојби (како што се гастроинтестинални улкуси или васкуларни малформации) или компликации од одредени третмани (како антикоагулантна/антиагрегациона терапија).

2. Симптоми на внатрешно крварење:

- Болка: Внатрешното крварење може да предизвика локализирана или дифузна болка, во зависност од местото и степенот на крварење. Пациентите може да доживеат остра или постојана болка.
- Оток: Може да се појави оток на местото на крварење, особено ако крвта се акумулира во затворен простор или ткиво.

- Хипотензија (намален крвен притисок): Значително внатрешно крварење може да доведе до пад на крвниот притисок, што резултира со вртоглавица, зашеметеност или несвестица.

- Тахикардија (забрзано чукање на срцето): Додека телото се обидува да ја компензира загубата на крв, отчукувањата на срцето се зголемуваат за да се одржи циркулацијата. Тахикардијата е вообичаен одговор на значително внатрешно крварење.

- Хиповолемичен шок: Тешкото внатрешно крварење може да доведе до хиповолемичен шок, состојба опасна по живот која се карактеризира со конфузија, бледило, ладни екстремитети и променет ментален статус.

Дијагностичка евалуација

Дијагностичкиот пристап вклучува:

- Клиничка проценка: Детална медицинска историја и физички преглед за да се проценат симптомите и да се идентификуваат потенцијалните извори на крварење.

- Лабораториски тестови: Проценка на нивоата на хемоглобин, факторите на коагулација и други маркери за нарушувања на крварењето и времињата на коагулација.

- Радиолошки дијагностички прегледи:

- Ултразвук: Често користен првичен модалитет, особено во случаи на абдоминално или карлично крварење. Може брзо да го идентификува присуството на течност/хематом.

- КТ ангиографија: Обезбедува детални контрастни 3Д-слики од васкуларната анатомија и може да открие активно крварење, аневризми или васкуларни абнормалности.

- Дигитална субтракциона ангиографија: Се користи за евалуација и откривање на изворот на крварење.

Избор на третман: Ендоваскуларна или отворена операција

Според критериумите од Европското здружение за траума и итна хирургија (ESTES), Американскиот колеџ за хирурзи (ACS) и Здружението за интервентна радиологија (SIR), пациентите се избираат за ендоваскуларна емболизација или за отворена операција врз основа на неколку клучни фактори:

Пациенти за ендоваскуларна емболизација:

1. Хемодинамски стабилни: Пациентите кои се хемодинамски стабилни или можат привремено да се стабилизираат се главни кандидати. Овие пациенти имаат време за минимално инвазивна процедура која може ефикасно да го контролира крварењето.

2. Тешко пристапни хируршки регии: Крварењето во области како карлицата, ретроперитонеумот или црниот дроб честопати подобро се третира со ендоваскуларна емболизација.

3. Гастроинтестинално крварење со идентификуван артериски извор: Емболизацијата најчесто е третман од прва линија кога ќе се потврди дека изворот на крварење е артериски.

4. Дифузни или повеќекратни мали крварења: Емболизацијата овозможува селективно таргетирање на секое место без потреба од голем хируршки пристап.

5. Висок хируршки ризик: Пациентите со значајни коморбидитети, напредна возраст или други здравствени проблеми се подобри кандидати за емболизација. Овој пристап ги минимизира процедуралните ризици и времето за опоравување.

Мултидисциплинарен пристап:

Тим составен од хирурзи, интернисти и интервентни радиолози одлучува за најсоодветниот план за третман, земајќи ги предвид здравјето на пациентот, природата и локацијата на крварењето и анатомската соодветност.

Ендоваскуларна емболизација при внатрешно крварење

- Анестезија: Изборот помеѓу локална и општа анестезија се заснова на здравјето на пациентот, сложеноста и времетраењето на процедурата.

- Вметнување катетер: Катетер се поставува во избрана артерија и се маневрира до местото на крварење под флуороскопија.

- Ангиографија: Се инјектира контрастно средство за прецизно лоцирање на местото на крварење.

- Избор на емболичен материјал: Интервентниот радиолог го избира соодветниот материјал (коили, микрочестички, течни агенси) врз основа на локацијата, големината и видот на крвниот сад.

- Емболизација: Избраниот емболичен материјал внимателно се доставува преку катетерот за да формира блокада и да го запре протокот на крв.

- Постпроцедурална ангиографија: Се прави ангиографија за да се процени успешноста на емболизацијата.

Постпроцедурална нега и мониторинг

Пациентот добива специјализирана нега, вклучувајќи:

- Непосредно следење: Внимателно следење во единица за опоравување.

- Витални знаци: Редовно следење на крвниот притисок, отчукувањата на срцето и нивото на кислород.

- Дијагностички имиџинг и лабораториски иследувања: За да се потврди успехот на процедурата.

- Лекови: Давање на препишани лекови.

## VIII. Трансартериска емболизација на тумор

**Вовед**

Ендоваскуларната емболизација на туморите е процедура која вклучува блокирање на протокот на крв до туморите со помош на катетер и емболични агенси, со цел да се намали големината на туморот, да се олесни хируршкиот третман или да се ублажат симптомите кога операцијата не е опција.

Дијагностичка евалуација

Дијагностицирањето на туморите ги вклучува следниве чекори:

- Клиничка проценка: Сеопфатна медицинска историја, физички преглед и лабораториски иследувања.

- Дијагностички имиџинг:

- Ултразвучна дијагностика.

- КТ преглед за детални информации за големината, локацијата и карактеристиките.

- МР преглед за понатамошна карактеризација.

- ПЕТ-КТ преглед за проценка на активноста на туморот и метастазите.

- Биопсија: Може да биде неопходна за да се потврди типот на тумор.

Избор на третман: Ендоваскуларна или отворена операција

Одлуката се заснова на карактеристиките на туморот, состојбата на пациентот и локацијата, според упатствата од Здружението за интервентна радиологија (SIR) и Европското здружение за медицинска онкологија (ESMO).

Кандидати за трансартериска емболизација (TAE):

1. Хиперваскуларни тумори: TAE е типично индициран за тумори кои во голема мера зависат од снабдувањето со крв.

2. Нересектабилни тумори: Туморите кои се нересектабилни поради локацијата, големината или зафатеноста на критични структури се главни кандидати за TAE.

3. Пациенти со висок хируршки ризик: Пациентите со тешки коморбидитети се подобри кандидати за TAE, бидејќи е минимално инвазивна процедура.

4. Палијативен третман: TAE често се користи за палијативни цели кај пациенти со напредни или метастатски тумори за да се ублажат симптомите и да се подобри квалитетот на животот.

5. Предоперативна процедура: ТАЕ може да се користи како премостувачка терапија за да се спречи растот на туморот кај пациенти кои чекаат операција или трансплантација.

Мултидисциплинарен пристап:

Тим од хирурзи, онколози, интернисти и интервентни радиолози го одредува најсоодветниот план за третман за секој пациент.

Ендоваскуларна емболизација на тумор

1. Подготовка: Се администрира локална анестезија на местото на пристап (феморална или радијална артерија).

2. Поставување катетер: Под флуороскопија, водечки катетер се маневрира до артеријата што го снабдува туморот со крв.

3. Избор на емболичен материјал: Интервентниот радиолог избира соодветен материјал (коили, микрочестички, течни агенси).

4. Емболизација: Избраниот материјал се доставува преку катетерот за да го блокира протокот на крв до туморот.

5. Постпроцедурална ангиографија: Се прави ангиографија за да се потврди успешноста на емболизацијата.

Следење на пациентот

Потребни се редовни прегледи и дијагностички иследувања (КТ или МР) за следење на одговорот на туморот и проценка на потребата од дополнителни третмани.

**IX. Поставување на перкутана нефростома**

**Вовед:**

Главната цел на нефростомата е да се отстрани притисокот врз бубрезите, што се јавува поради блокада во уретерите. Притисокот се ослободува со поставување катетер (нефростома) преку отвор на кожата во бубрегот, така што урината истекува надвор од телото во ќеса за собирање. Поставувањето нефростома може да биде и дел од постапка за отстранување камења од бубрегот или за пренасочување на урината од патолошки отвори. Процедурата може да биде привремена или трајна. Таа е брза, минимално инвазивна, со ниска стапка на компликации и овозможува брзо враќање на нормалната функција на бубрезите.

Избор на пациенти:

1. Индикации:

- Опструкција на уретерот поради бубрежни камења, тумори или други причини.
- Опструкција која предизвикува силна болка, инфекција или дисфункција на бубрегот.
- Претходни неуспешни обиди за одвод на уретерот.
- Висок ризик од инфекција на уретерот или сепса.

2. Контраиндикации:

- Нарушување на крварењето.
- Активна инфекција на уретерот.
- Алергија на локални анестетици или јодирани контрастни материјали.
- Неконтролирана коагулопатија.

Подготовка и процедура

- Подготовка: Се разгледува медицинската историја, се прават лабораториски анализи и ултразвучен преглед. Потребна е информирана согласност од пациентот. Пациентот треба да гладува најмалку 4 часа пред процедурата, а може да се администрираат и профилактички антибиотици.
- Процедура: Се изведува под локална анестезија, а понекогаш и со блага седација. Под ултразвучна контрола се прави пункција на бубрегот и катетерот се внесува преку отвор на кожата. Внатрешниот крај на катетерот формира јамка во бубрегот, додека надворешниот крај е прикачен на дренажна ќеса.

Следење на пациентот

- Во болнички услови: Се мониторираат виталните знаци и диурезата, а по потреба се дава аналгезија.
- Во домашни услови: Пациентот се испишува со упатства за грижа за катетерот. Се едуцира за правилна хигиена и препознавање на знаци за инфекција. Се одредува термин за следење, а катетерот се отстранува кога основната причина за опструкцијата ќе биде разрешена.

**X. ПРТ – Периардикуларна терапија**

Перирадикуларната терапија (ПРТ) е радиолошка метода за третман на хронична болка во `рбетот, најчесто поради дискална хернијација или дегенеративни промени. Со оваа минимално инвазивна техника, со тенка игла се доаѓа во близина на афектиран нервен корен и се администрира лек под мониторинг на КТ. Воведувањето коктел од анестетик и кортикостероид доведува до инхибирање на инфламаторните медијатори и намалување на болката.

Предности и недостатоци на ПРТ

- Предности: Процедурата се изведува под КТ, што овозможува супериорна анатомска навигација и го намалува ризикот од оштетување на значајни структури. Кратко трае (15-20 мин), релативно е безбедна и се изведува со локална анестезија. Се избегнува хоспитализација и се намалуваат финансиските трошоци.
- Несакани ефекти: Најчест несакан ефект е транзиторен невролошки дефицит (слабост, намален осет) кој трае неколку часа. Може да се појави чувство на затегање и печење при администрација на анестетикот, главоболка, а во ретки случаи и вазовагална реакција.
- Техника на изведување на интервенцијата

1. Подготовка: Детален разговор со пациентот, информирање за процедурата и потпишување информирана согласност.

2. Позиционирање: Пациентот се поставува на стомак на апаратот за КТ. Се поставува кожен маркер за прецизно мерење и дефинирање на местото за пункција.

3. Скенирање и планирање: Со тенок пресек се скенира локалитетот и се одредува пристапот и аголот на воведување на иглата.

4. Анестезија и пункција: Местото се дезинфицира и се аплицира локална анестезија. Под контрола на КТ, со специјална игла се навлегува во подлабоките слоеви, парафасетарно, додека врвот на иглата не се позиционира периградикуларно, најблиску до нервниот корен.

5. Апликација на лек: Бавно се администрира анестетик (Бупивакаин), а потоа и кортикостероид (Кеналог).

6. Завршување: Иглата се вади, се поставува локална преврска, а пациентот се мониторира околу 2 часа пред да си оди дома.

КТ-водената ПРТ кај пациенти со лумбална болка е безбедна и ефективна терапија и често е прва метода на избор пред оперативен третман. Се очекува редукција на употребата на аналгетици и значително подобрување на квалитетот на живот, а голем број пациенти може да избегнат хируршки третман.

Материјали и медикаменти потребни за изведување на интервенцијата:

- Лидокаин - околу 3 мл
- Бупивакаин - 3 мл
- Кеналог - 2 мл
- Потрошен материјал: Игла за пункција 18G Чиба, игла 0,8х40мм, инсулинска игла, стерилен сет за преврска, шприцеви, игли, гази, компреси, ракавици.
- Апаратура: Апарат за КТ, ангиограф.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Ahmad, S. (2020). Clinical Outcome of Endovascular Coil Embolization for Cerebral Aneurysms in Asian Population in Relation to Risk Factors: A 3-Year Retrospective Analysis https://bmcsurg.biomedcentral.com/articles/10.1186/s12893-020-00756-1

2. Avramov, P., Avramov, M., Juković, M., Kadić, V., Till, V. (Year). Virtual simulation as a learning method in interventional radiology. Medicinski pregled 66 (7-8): 335-340.

3. Belavadi, R., Gudigopuram, S. V. R., Raguthu, C. C., Gajjela, H., Kela, I., Kakarala, C. L., Hassan, M., & Sange, I. (2021). Surgical Clipping Versus Endovascular Coiling in the Management of Intracranial Aneurysms. https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC8760002/

4. Bradac, G. B. (2011). Cerebral Angiography: Normal Anatomy and Vascular Pathology.

5. Cardona, K., & Maithel, S. K. (Eds.) (2018). Primary and Metastatic Liver Tumors: Treatment Strategy and Evolving Therapies. Springer International Publishing.

6. Chakraverty, S., Flood, K., Kessel, D., McPherson, S., Nicholson, T., Ray Jr., C. E., Robertson, I., & van Delden, O. M. (2012). CIRSE Guidelines: Quality Improvement Guidelines for Endovascular Treatment of Traumatic Hemorrhage.

7. Chhabra, L., Zain, M. A., & Siddiqui, W. J. (Authors). (2023). Angioplasty. New York Medical College (Affiliation of Lovely Chhabra), Drexel University (Affiliation of Waqas J. Siddiqui). https://www.ncbi.nlm.nih.gov/books/NBK499894/

8. Davidson, N. (2022). Abdominal Ultrasound, How, Why and When, 4th Edition.

9. Donohue, C. M., Adler, J. V., & Bolton, L. L. (2020). Peripheral arterial disease screening and diagnostic practice: A scoping review. https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC7948585/

10. Gelener, P., & Akpinar, S. H. (2019). Recent Advances in Thrombolysis and Thrombectomy in Acute Ischemic Stroke Treatment: Neurologist's and Interventional Neuroradiologist's Perspective. https://www.sciencedirect.com/science/article/abs/pii/S0890509618308719

11. Gershon, A., & Lin, E. C. (2021, November 3). Subarachnoid Hemorrhage Imaging. https://emedicine.medscape.com/article/344342-overview

12. Goode, J. A., & Matson, M. B. (2004). Embolisation of cancer: what is the evidence? https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC1434597/

13. Haapanen, A., Keski-Nisula, L., & Ala-Ketola, L. (1984). Percutaneous dilatation of lower leg arteries. https://pubmed.ncbi.nlm.nih.gov/6233932/

14. Hadi, M., Walker, C., Desborough, M., Basile, A., Tsetis, D., Hunt, B., Müller-Hüllsbeck, S., Rand, T., van Delden, O., & Uberoi, R. (2021). CIRSE Standards of Practice on Peri-operative Anticoagulation Management During Interventional Radiology Procedures.

15. Hashmi, A. (2022, April 27). A Genetic Risk Factor for Intracranial Aneurysm Rupture. https://www.medscape.com/viewarticle/972808

16. Hemingway, J. F., & Rowe, V. L. (2023, March 22). Atherosclerotic Disease of the Carotid Artery. https://emedicine.medscape.com/article/463147-overview

17. Jin, B., Zhou, B., Shi, B., Ho, C. L., Liu, C., Kong, D., Du, G., Liu, Y., Pang, Y., Gao, Z., Jiang, Z., & Fu, Z. (2017). Adjuvant Transarterial Chemoembolization After Radical Resection Contributed to the Outcomes of Hepatocellular Carcinoma Patients with High-risk Factors.

18. Jin, J., Guo, G., Ren, Y., Yang, B., Wu, Y., Wang, S., Sun, Y., Wang, X., Wang, Y., & Zheng, J. (2022). Risk Factors for Recurrence of Intracranial Aneurysm After Coil Embolization: A Meta-Analysis. https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC9355382/

19. Kandarpa, K., & Machan, L. (2011). Handbook of Interventional Radiologic Procedures.

20. Kaufman, J. A., & Lee, M. J. (2013). Vascular and Interventional Radiology: The Requisites.

21. Katsanos, K., Tepe, G., Tsetis, D., & Fanelli, F. (2014). Standards of Practice for Superficial Femoral and Popliteal Artery Angioplasty and Stenting. CIRSE Standards of Practice Guidelines.

22. Kochan, Jeffrey P., and Kyung J. Cho. "Interventional Neuroradiology Practice and Technique." Medscape, 12 May 2022. https://emedicine.medscape.com/article/424403-overview

23. Liebeskind, D. S., & Lutsep, H. L. (2018, December 6). Cerebral Aneurysms. https://emedicine.medscape.com/article/1161518-overview

24. Lucatelli, P. (Ed.) (2023). Transarterial Chemoembolization (TACE). Springer International Publishing.

25. Macdonald, S., Cleveland, T. J., & Gaines, P. A. (2006). Quality Assurance Guidelines for the Performance of Carotid Stenting: European Standards adopted and modified by CIRSE in cooperation with the Society of Interventional Radiology (SIR) Standards of Practice Committee.

26. Mokin, M., Jauch, E. C., Linfante, I., Siddiqui, A., & Levy, E. (2018). Acute Stroke Management in the First 24 Hours: A Practical Guide for Clinicians.

27. Mueller, P., & Adam, A. (2011). Interventional Oncology: A Practical Guide for the Interventional Radiologist.

28. Mukherjee, D., & Rajagopalan, S. (2007). CT and MR Angiography of the Peripheral Circulation: Practical Approach with Clinical Protocols.

29. Naidich, T. P., MD, Castillo, M., MD, Cha, S., MD, & Smirniotopoulos, J. G., MD (Year). Imaging of the Brain: Expert Radiology Series. Elsevier Health Sciences. (Publication date: October 31, 2012)

30. Neurosurgeons of New Jersey - Cerebrovascular Team. (2017, August 10). How Long Does A Coil Procedure for Brain Aneurysm Take? https://www.neurosurgeonsofnewjersey.com/blog/coil-procedure-for-brain-aneurysm/

31. Nussbaum, E. S., MD (2000). Brain Aneurysms and Vascular Malformations. [Paperback]. December 4, 2000.

32. Orrapin, S., Benyakorn, T., Siribumrungwong, B., & Rerkasem, K. (2022, August 3). Patch angioplasty versus primary closure for carotid endarterectomy.https://pubmed.ncbi.nlm.nih.gov/3592068/

33. Ozdemir, G., Eren, F., Aygul, R., Kizildag, N., Kocaturk, I., Mammadi, A., Ersoy, A. N., Ildiz, O. F., Gunduz, Z. B., & Korez, M. K. (2023). Endovascular treatment for anterior cerebral artery occlusions. https://pubmed.ncbi.nlm.nih.gov/36916134/

34. RadiologyInfo.org. "Brain Aneurysm Embolization." RadiologyInfo.org. https://www.radiologyinfo.org/en/info/dc-embol

35. Romagnoli, S., Fanelli, F., Barbani, F., Uberoi, R., Esteban, E., Lee, M. J., Nielsen, P. T., Mahnken, A. H., & Morgan, R. (2020). CIRSE Standards of Practice on Analgesia and Sedation for Interventional Radiology in Adults. CIRSE Standards of Practice.

36. Semnic, R. (2002). Vodič kroz magnetnu rezonancu endokranijuma.

37. Semnic, R. (2019). CT i MR glave i vrata.

38. Semnic, R. (2005). CT toraksa i abdomena. Novi Sad.

39. Shirai, S., Hirano, K., Makino, K., Honda, Y., Tsutsumi, M., Mori, S., ... Ito, Y. (2019). Ultra-Long Inflation in Superficial Femoral Artery Stenosis and Occluded Lesions Using Guide Liner (“Ultra SOUL”): A

Case Report. https://www.sciencedirect.com/science/article/abs/pii/S0890509618308719

40. Spetzler, R. (2006). The Brain Aneurysm. [Paperback]. Illustrated. December 12, 2006.

41. Stojanovic S, Spasic A, Basta-Nikolic M, Kostic D, Karac M, Turkalj I. Brain arteriovenous malformations. Vojnosanitetski pregled 2019 76(12): 1274-83

42. Tchétché, D., Sauguet, A., & Jordan, C. (2009, December). [Transradial peripheral angioplasty]. https://pubmed.ncbi.nlm.nih.gov/19896639/

43. West, H. J., & Jin, J. O. (2015). Transarterial Chemoembolization. JAMA Oncology, 1(8), 1178. https://pubmed.ncbi.nlm.nih.gov/26469311/

44. Zięcina, P., Staszewski, J., Brzozowski, K., Piasecki, P., Narloch, J., Sadowska, M., Wołoszyńska, I., & Stępień, A. (2017). Treatment of ischemic stroke with mechanical thrombectomy systems. https://pubmed.ncbi.nlm.nih.gov/28987041/

---

Овие протоколи ќе се прегледуваат и ажурираат по потреба за да се вклучат најновите медицински истражувања и најдобрите практики во интервентната радиологија со цел да се обезбеди нивна континуирана ефикасност и релевантност.

Бр. 22-6046/4
3 септември 2025 година
Скопје

Министер,
**Азир Алиу**, с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

**3898.**

Врз основа на член 70 став (2) од Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/21, 174/21 и 241/24), министерот за локална самоуправа, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ ЗА ИЗБОР НА ОЦЕНУВАЧИ И МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ПРОГРАМИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот за избор на оценувачи и методологијата за оценување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија и Програмите за развој на планските региони.

Член 2

Спроведувањето на изборот на оценувачи за тековно и завршно оценување на планските документи за регионален развој го врши Комисија за избор на оценувачи (во натамошниот текст: Комисијата).

Член 3

Оценувачите за тековно и завршно оценување на планските документи за регионален развој (во натамошниот текст: оценувачите) се избираат по пат на јавен оглас.

Јавниот оглас за избор на оценувачи се објавува од страна на Министерството за локална самоуправа, најдоцна 15 дена од денот на формирањето на Комисијата.

Јавниот оглас за избор на оценувачи содржи:
- назив на органот кој го распишува јавниот оглас,
- услови за избор на оценувачи,
- техники за тековно и завршно оценување,
- областите од кои се избираат оценувачи,
- рокот за доставување на пријави,
- потребни документи и
- адреса на која треба да се доставаат пријавите.

Јавниот оглас трае седум дена од денот на објавувањето и се објавува на веб страницата на Министерството за локална самоуправа.

Член 4

Комисијата ги разгледува сите пристигнати пријави по јавниот оглас.

Пријавите доставени по јавниот оглас се разгледуваат одделно и се утврдува исполнетоста на потребните услови и комплетноста на документите доставени во прилог на пријавата.

Комисијата води записник за својата работа во кој се внесуваат податоците за доставените пријави, комплетноста на документите доставени во прилог на пријавата, бодирањето на кандидатите и други податоци од значење за изборот на оценувачи.

Член 5

Кандидатите кои ги исполнуваат условите утврдени за изборот на оценувачи се бодираат на следниот начин:

а) Степен на образование:
- високо образование – 4 бодови
- магистер на науки - 6 бодови
- доктор на науки - 8 бодови.

б) Број на стратешки документи на кои кандидатот учествувал во нивна изработка или нивно оценување
- стратешко плански документ донесен од единица на локална самоуправа или донесен на ниво на плански регион- 2 бода
- стратешко плански документ донесен на национално ниво - 3 бода
- стратешко плански документ којшто се однесува на регионално ниво во Европа - 4 бода

в) Работно искуство во тематската област, односно тематските области:
- до седум години - 3 бода
- од седум до десет години - 5 бода
- од десет до петнаесет години - 6 бода
- над петнаесет години - 7 бода.

Член 6

Стратешко планските документи од членот 5 од овој правилник, се бодираат, и тоа:
- најмногу три стратешко плански документи, донесени од единица на локална самоуправа или на ниво на плански регион,
- најмногу три стратешко плански документи донесени на национално ниво и
- најмногу три стратешко плански документи коишто се однесуваат на регионално ниво во Европа.

При бодирањето на степенот на образование на кандидатот, се бодира само највисокиот степен на образование.

Член 7

Врз основа на добиениот број бодови од членот 5 од овој правилник, Комисијата составува листа на рангирани кандидати по одделна област и подготвува предлог одлука за избор која ја доставува до министерот.

За оценувач се избира кандидатот кој добил најмногу бодови за областа за која се пријавил.

Член 8

Тековното и завршното оценување на планските документи за регионален развој може да се спроведе и од донаторска организација која обезбедува техничка помош на носителите на политиката за рамномерен регионален развој и во тој случај изборот на оценувачи се спроведува според правила на донаторската организација.

Член 9

Оценувањето на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија и Програмите за развој на планските региони (во натамошниот текст: плански документи) се спроведува по области, од значење за регионалниот развој, од страна на координаторот на Комисијата.

Член 10

Тековното оценување на плански документи се врши врз основа на:

- планските документи;
- годишен извештај кој го подготвува Министерството за локална самоуправа и го доставува до Владата на Република Северна Македонија, по претходно мислење од Советот за рамномерен регионален развој;
- извештаи за реализација на проектите за кои се доделени финансиски средства преку Програмата за рамномерен регионален развој за поттикнување рамномерен регионален развој;
- податоци содржани во електронскиот систем за координација на планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој;
- документите, коишто министерствата надлежни за реализација на програми и проекти од значење за рамномерниот регионален развој ги доставуваат до Министерството за локална самоуправа и
- годишни извештаи за реализација на Програмите кои ги подготвуваат Центрите за развој на планските региони.

Член 11

При тековното оценување на планските документи се земаат предвид:

- ефективноста на постигнатиот резултат (дали саканиот резултат се постигнал);
- ефикасноста на постигнатиот резултат (колкав напор е потребен за постигнување на саканиот резултат);
- адекватност во постигнувањето на резултатите (во која мерка постигнувањето на саканите резултати го решаваат проблемот);
- еднаквоста на трошоците и бенефициите (дали се трошоците и бенефициите еднакво дистрибуирани меѓу засегнатите групи) и
- соодветноста на резултатите (дали резултатите ги задоволуваат потребите и вредностите на засегнатите групи).

Член 12

Извештајот за тековно оценување на планските документи се заснова на следните принципи:

- релевантност - да ги обезбеди информациите кои ќе послужат во донесувањето на одлуки на клучните актери;
- валидност - да обезбеди реални и избалансирани информации за реализацијата на планските документи;
- проверливост - да содржи доказ дека заклучоците не се базирани на информации добиени преку непрецизни или недоследни мерни процедури ;
- објективност - да ги презентира информациите и заклучоците на комплетен и непристрасен начин и
- применливост - да обезбеди информации кои ке бидат корисни во процесот на измени и дополнувања на планските документи или подготовка на планските документи за наредниот плански период.

Член 13

За тековното оценување на планските документи се подготвува извештај за секој плански документ посебно.

Во извештајот се содржани индексот на влијание на мерките во тематската област и аналитичкото резиме.

Врз основа на пресметаните коефициенти за секој индикатор одделно, се прави пресметка на ефектот од мерките во тематска област.

Ефектот на мерките во тематската област е Индексот на влијание во тематската област. Индексот на влијание е количник од збирот на коефициентите од сите индикатори поделен со бројот на индикатори.

Индексот може да ги има следните вредности:

- вредност од -1 до 0 (мерките немаат ефект во областа),
- вредност од 0 до 1,5 (мерките имаат многу мал ефект во областа),
- вредност од 1, 5 до 2,5 (мерките имаат значителен ефект во областа),
- вредност од 2,5 до 3,5 (мерките имаат висок ефект во областа) и
- вредност од 3,5 до 4 (мерките имаа многу висок ефект во областа).

Покрај определувањето на индексот на влијание, се подготвува и аналитичко резиме со коешто се дава општ опис на предизвиците со коишто се соочил оценувачот при собирањето на задолжителни и други извори на податоци за оценување, релевантноста на податоците, можноста да се направи квантитативно оценување, промените во опкружувањето, кои влијаеле да се промени проектираната таргет вредност и други информации, корисни за постапката на оценување.

Член 14

Извештајот за тековното оценување на планските документи го подготвува координаторот на Комисијата.

Извештајот од тековното оценување содржи:

- сите информации за тековно оценување за секоја мерка одделно во област;
- сите информации за тековно оценување на влијанието на мерките во тематска област;
- заклучни согледувања, кои ги отсликуваат сите тематски области и се базирани на заклучните солгедувања на оценувачите;
- препораки, кои ги отсликуваат препораките за сите тематски области и се базирани на препораките на оценувачите;
- прилог во кој се содржани издвоени мислења на оценувачи во однос на содржината на Извештајот и
- потписи на оценувачите.

Извештајот од тековното оценување може да претставува основа за изменување и дополнување на планскиот документ кој е предмет на оценување во случаи кога нема исполнување на мерките или има промена во податочната основа на која е работен документот.

Член 15

Завршното оценување на планските документи се врши врз основа на:

- планските документи;
- годишниот извештај кој го подготвува Министерството за локална самоуправа;
- извештаи за реализација на проектите за кои се доделени финансиски средства преку Програмата за рамномерен регионален развој за поттикнување рамномерен регионален развој;
- податоци содржани во електронскиот систем за координација на планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој;
- документите, кои министерствата надлежни за реализација на програми и проекти од значење за рамномерниот регионален развој ги доставуваат до Министерството за локална самоуправа.

- годишни извештаи за реализација на Програмите кои ги подготвуваат Центрите за развој на планските региони и

- извештаите за тековното оценување на планските документи.

Член 16

При завршното оценување на планските документи се земаат предвид:

- ефективноста на постигнатиот резултат (дали саканиот резултат се постигнал);

- ефикасноста на постигнатиот резултат (колкав напор е потребен за постигнување на саканиот резултат);

- адекватност во постигнувањето на резултатите (во која мерка постигнувањето на саканите резултати го решаваат проблемот);

- еднаквоста на трошоците и бенефициите (дали се трошоците и бенефициите еднакво дистрибуирани меѓу засегнатите групи) и

- соодветноста на резултатите (дали резултатите ги задоволуваат потребите и вредностите на засегнатите групи).

Член 17

Извештајот за завршното оценување на планските документи се заснова на следните принципи:

- релевантност - да ги обезбеди информациите кои ќе послужат во донесувањето на одлуки на клучните актери;

- валидност - да обезбеди реални и избалансирани информации за реализацијата на планските документи;

- проверливост - да содржи доказ дека заклучоците не се базирани на информации добиени преку непрецизни или недоследни мерни процедури.

- објективност - да ги презентира информациите и заклучоците на комплетен и непристрасен начин;

- применливост - да обезбеди информации кои ќе бидат корисни во процесот на измените и дополнувањата на планските документи или подготовка на планските документи за наредниот плански период.

Член 18

Извештајот за завршното оценување содржи индекс на постигнатост на приоритетот и аналитичкото резиме.

Оценувањето на планските документи се прави на основа на приоритет. Како основа за пресметка се земаат само оние индикатори, коишто припаѓаат во соодветниот приоритет. Врз основа на пресметаните коефициенти за секој индикатор одделно, се прави пресметка на индексот на постигнатост на приоритетот.

Индексот на постигнатост на приоритетот е количник од збирот на коефициентите од сите индикатори поделен со бројот на индикатори.

Индексот на постигнување на приоритетот да ги има следните вредности:

- вредност од 1 до 0 ( не е постигнат),
- вредност од 0 до 1,5 (мало постигнување),
- вредност од 1, 5 до 2,5 (значително постигнување),
- вредност од 2,5 до 3,5 (високо постигнување ) и
- вредност од 3,5 до 4 (целосно постигнување).

Покрај определувањето на индексот на постигнување на приоритетот, се подготвува и аналитичко резиме со кое се дава општ опис на предизвиците со коишто се соочил оценувачот при собирањето на задолжителни и други извори на податоци за оценување, релевантноста на податоците, можноста да се направи квантитативно оценување, промените во опкружувањето кои влијаеле да се промени проектираната целна вредност и други информации, корисни за постапката на оценување.

Член 19

Извештајот за завршното оценување го подготвува координаторот на Комисијата.

Извештајот од завршното оценување содржи:

1. информации за завршното оценување за секоја мерка во тематска област,

2. информации за постигнатоста на сите приоритети,

3. информација за влијанијата кои се остварени со спроведувањето на планскиот документ;

4. заклучни согледувања, кои содржат:

- општи оценки за постигнувањето на целите;

- факторите кои влијаеле врз степенот на постигнување;

- факторите кои влијаеле во процесот на оценување;

- општа оценка за влијанието на планскиот документ;

- информации, потребни за објаснување на постигнатоста на целите и влијанието на планскиот документ;

5. препораки;

6. прилог во кој се содржани издвоени мислења на оценувачите во однос на содржината на Извештајот и

7. потписи на оценувачите.

Член 20

Врз основа на планскиот документ се утврдува кои приоритети во рамките на кои стратешки цели припаѓаат. Постигнувањето на целите се опишува преку индексот на постигнување на целите.

Индексот на постигнување на целите е количник од збирот на индексите на постигнување на приоритетите поделен со бројот на приоритетите. Вредноста на индексот на постигнување на целите е ист со вредноста којашто ја има индексот за постигнување на приоритетите.

Врз основа на индексот на постигнување на целите, се пресметува индексот на влијание на планскиот документ. Индексот на влијание на планскиот документ е количник од збирот на индексите на постигнување на целите поделен со бројот на стратешките цели.

Индексот на влијание на планскиот документ го означува степенот на влијание на планираните активности во планскиот документ врз рамномерниот регионален развој.

Вредноста на индексот на влијание на планскиот документ може да биде:

- вредност од 1 до 0 ( нема влијание),
- вредност од 0 до 1,5 (мало влијание),
- вредност од 1, 5 до 2,5 (значително влијание),
- вредност од 2,5 до 3,5 (високо влијание) и
- вредност од 3,5 до 4 (многу високо влијание).

Член 21

Како дополнителни извори на податоци во функција на спроведување на оценувањето, Комисијата може да користи документи, донесени од Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, Советот за рамномерен регионален развој, официјални информации на Државниот завод за статистика, истражувачки извештаи и публикации објавени од Македонската академија на науките и уметностите, високобразовните установи и невладини организации, како и извештаи на меѓународни организации.

Заради добивање на основни или дополнителни податоци, при оценувањето на ефектите од реализираните мерки, Комисијата може да спроведе и истражување меѓу главните чинители во одделна област.

Во случај на спроведен попис на население во државата и настаната значителна промена од истиот во податочната основа, може да се пристапи кон ажурирање на податочната основа на планските документи со подготовка на Извештај кој ќе биде земен во предвид при оценувањето.

Комисијата, при спроведувањето на истражувањето, може да ги користи анкетата, интервјуто, фокус групата како и други техники за собирање на податоци.

Член 22

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за постапката за избор на оценувачи и методологијата за оценување на планските документи за регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/12 и 67/13).

Член 23

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-1963/1
10 септември 2025 година
Скопје

Министер,
м-р **Златко Перински**, с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**3899.**

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/24, 224/24, 3/25 и 144/25), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВНИ МАНИФЕСТАЦИИ

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот и посебните услови за организирање на воздухопловни манифестации.

Член 2

Воздухопловна манифестација во смисла на овој правилник е јавно прикажување на воздухоплови, падобрани или воздухопловни модели и воздухопловни вештини заради запознавање на јавноста со најновите достигнувања во воздухопловството, воздухопловната техника, како и стручната подготвеност за управување со истите. Воздухопловните манифестации можат да бидат статични кога воздухопловите се паркирани, динамични кога воздухопловите извршуваат летачки активности или комбинирани.

2. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВНА МАНИФЕСТАЦИЈА

Член 3

(1) Воздухопловна манифестација, вклучувајќи и генерална проба може да се одржи во воздушен простор претходно резервиран на начин утврден во прописот донесен согласно член 60 став (1) од Законот за воздухопловство.

(2) Висината на резервираниот воздушен простор треба да биде најмалку 1000 метри (3000 стапки) над определената максимална работна висина за време на воздухопловната манифестација (бафер зона).

Член 4

Параметрите на ограничувањата на воздухоплови со стварна брзина при маневрирањето во лет помала од 250 јазли се утврдуваат согласно следните услови:

1. Метеоролошки услови:
- Видливост во лет најмалку 8 км;
- Хоризонтална оддалеченост од облаци најмалку 1,5 км;
- Вертикална оддалеченост од долна база на облаци најмалку 150 м над горната граница на летање и
- Без појава на умерена или јака турбуленција.

2. Минимална оддалеченост од публика:
- од патеката за возење најмалку 15 метри;
- од полетно-слетната патека најмалку 50 метри и
- странична оддалеченост на зоната на летање најмалку 230 метри.

Член 5

Акробатски летови можат да се извршуваат во согласност со упатствата на производителот за одреден тип на воздухоплов.

Член 6

(1) Минималната висина на летање треба да изнесува 50 метри над терен.

(2) По исклучок од став (1) на овој член минималната безбедна висина за елементот бришечко летање треба да изнесува најмалку две величини на распон на крилата за соодветниот авион или едрилица, односно две величини во пречник на роторот на хеликоптер.

Член 7

Не може да се врши полетување и слетување во група и групно летање на воздухоплови од различни типови освен ешалонирано настапување на група составена од подгрупи со ист тип на воздухоплови.

Член 8

Не може да се врши намерно гасење и стартување на моторите на воздухопловите во лет и изведување на елементи и маневри кои не се најавени со планот за настап и проверени, односно, увежбани на генералната проба.

Член 9

(1) За време на падобранските скокови, не може да се вршат какви било други летачки активности во зоната на скокањето. За време на падобрански скокови, не може да работат моторите на авионите, односно хеликоптерите на земја.

(2) Воздухопловот од кој се извршени падобранските скокови не може да слета на истиот аеродром на кој треба да приземјат падобранците се до приземјувањето на последниот падобранец.

Член 10

Не може да се врши надлетување над просторот наменет за публика и извршување на маневри во кои векторот на брзината на воздухопловот е кон публиката.

Член 11

(1) Организаторот на воздухопловната манифестација треба да го одреди просторот за сместување на публиката така што истиот да се наоѓа исклучиво странично во однос на местото за полетување, слетување или прелетување на воздухопловите, зоната на летање, доскок на падобранците или просторот кој се користи за други воздухопловни активности.

(2) Просторот од став (1) од овој член треба да биде ограден и јасно обележан со знаци и информации за да се оневозможи пристап на површините на кои се одвива воздухопловната активност, односно во реонот под воздушниот простор предвиден за летачка активност за време на манифестацијата.

(3) Неовластени лица и возила не треба да се движат надвор од просторот наменет за публика и паркирање на возила.

(4) Растојанието на првиот ред на публиката од работ на полетно-слетната патека не треба да биде помало од 50 метри.

Член 12

Во радиус од 20 метри од воздухопловите и во резервираниот простор за полнење гориво и цистерните за точење гориво не треба да се пуши.

Член 13

Цивилни пилоти кои учествуваат во летачката програма на воздухопловната манифестација треба да поседуваат важечка дозвола и соодветно лекарско уверение, да се обучени за маневрите кои ги изведуваат и да имаат најмалку дест часови остварен налет во последните три месеци.

Член 14

На воздухопловна манифестација може да учествуваат само воздухоплови кои се регистрирани, имаат доказ за пловидбеност или употребна дозвола, валидна осигурителна полиса за штети на трети лица и поседуваат гаранција за техничка исправност најмалку на ниво на извршен 50 часовен повремен преглед.

Член 15

Целокупното летање во текот на воздухопловната манифестација на сите воздухоплови се врши исклучиво со висиномери подесени по QFE, односно моменталниот притисок на местото на кое се изведува воздухопловната манифестација.

Член 16

На воздухопловна манифестација не може:

- да учествуваат воздухоплови без воспоставена двострана радио врска помеѓу воздухопловот и раководителот на летањето доколку манифестацијата се одржува на спортски аеродром или леталиште, односно воздухопловот и контролата на летање доколку манифестацијата се одржува во контролиран воздушен простор (CTR) и
- да учествува екипаж со кој раководителот на летањето, односно контролата на летањето не може да комуницира на македонски или англиски јазик.

## 3. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВНИ МАНИФЕСТАЦИИ

### 3.1 Групни и акробатски летови на авиони со млазен погон

Член 17

(1) На воздухопловна манифестација не можат да се вршат летови на авион со млазен погон при кој се изведува симулиран престанок на работа на мотор.

(2) Групни летови со авиони на млазен погон можат да се вршат под следните услови:

1. Да се исполнети минималните услови во однос на видливост во лет, видливост на земја, вертикална и хоризонтална оддалеченост од облаците и базата на облаците, во согласност со одредбите на овој правилник, без оглед на тоа дали аеродромот е со или без контролирана зона,
2. Групните летови да се извршуваат паралелно со утврдените простори наменети за публиката и без промена на насоката на летање,
3. Утврдените простори наменети за публиката да не се прелетуваат, односно летовите да не се одвиваат кон нив,
4. Страничната оддалеченост од просторот во кој се одвиваат летовите и просторот наменет за публика да изнесува најмалку 230 метри и
5. Летовите да се одвиваат на височина од најмалку 300 метри (1 000 стапки) над земјата (AGL).

### 3.2 Групни акробатски летови на авиони со елисен погон

Член 18

Изведување на групни акробатски летови на авиони со елисен погон, може да се врши ако организаторот на манифестацијата обезбеди исполнување на следното:

1. Да се исполнети минималните услови во однос на видливост во лет, видливост на земја, вертикална и хоризонтална оддалеченост од облаците и базата на облаците, во согласност со одредбите на овој правилник, без оглед на тоа дали аеродромот е со или без контролирана зона,
2. Утврдените простори наменети за публиката да не се прелетуваат односно летовите да не се одвиваат кон нив,
3. Страничната оддалеченост од просторот во кој се одвиваат летовите и просторот наменет за публика да изнесува најмалку 150 метри и
4. Летовите да се одвиваат на височина од најмалку 300 метри (1000 стапки) над земјата (AGL).

### 3.3 Групни летови на авиони со елисен погон

Член 19

Изведување на групни летови на авиони со елисен погон, може да се врши, ако организаторот на манифестацијата обезбеди исполнување на следното:

1. Видливоста во лет да изнесува најмалку пет километри за летовите во неконтролиран воздушен простор, додека другите метеоролошки услови треба да одговараат на вредностите утврдени за визуелно летање;
2. Летовите да се извршуваат паралелно со утврдените простори наменети за публиката;
3. Утврдените простори наменети за публиката да не се прелетуваат, односно летовите да не се одвиваат кон публиката;
4. Страничната оддалеченост од просторот во кој се одвиваат летовите и просторот наменет за публика да изнесува најмалку:
   - 100 метри за авиони со максимална дозволена тежина на полетување до 2000 кг,
   - 150 метри за авиони со максимална дозволена тежина на полетување од 2000 кг до 5700 килограми,
   - 230 метри за авиони со максимална дозволена тежина на полетување поголема од 5700 килограми и
5. Летовите да се извршуваат на висина од најмалку 100 метри (300 стапки) над земја (AGL).

### 3.4 Акробатски летови на авиони со елисен погон

Член 20

Изведување на акробатски летови на авиони со елисен погон, може да се врши ако организаторот на манифестацијата обезбеди исполнување на следното:

1. Страничната оддалеченост од просторот во кој се одвиваат летовите и просторот наменет за публика да изнесува најмалку:
   - 150 метри за авиони со максимална тежина на полетување до 5700 килограми и
   - 230 метри за авиони со максимална дозволена тежина на полетување поголема од 5700 килограми и
2. Да се исполнети условите утврдени во член 19 точки 1, 2, 3 и 5 на овој правилник.

### 3.5 Останати летови на авиони со елисен погон

Член 21

Одредбите од член 19 на овој правилник на соодветен начин се применуваат за одобрување на останатите видови на летови на авиони со елисен погон како што се прелетувања со симулиран престанок на работа на еден или повеќе мотори или прелетувања со промена на брзината и други.

### 3.6 Летови со хеликоптер

Член 22

(1) Одредбите од член 19 на овој правилник соодветно се применуваат и за групно летање на хеликоптери.

(2) Одредбите од член 20 на овој правилник соодветно се применуваат и за акробатско летање на хеликоптери.

(3) Прелетување со промена на брзина или во истовремено лебдење на еден или повиќе хеликоптери може да се изведува под услови пропишани во член 19 на овој правилник, со исклучок на точката 5 доколку се врши лебдење на хеликоптер.

(4) За време на нормални летови со хеликоптер, пилотот треба да се придржува на пропишаните висини за надлетување на препреки на аеродромот на кој се одржува воздухопловната манифестација.

(5) Не можат да се вршат групни акробатски летови со цивилни хеликоптери.

### 3.7 Летови со моторни едрилици

Член 23

(1) Групни акробатски летови со моторни едрилици можат да се вршат во исклучителни случаи, ако организаторот на манифестацијата обезбеди исполнување на следното:

1. Групните летови да се вршат истовремено со најмногу три моторни едрилици, во ист правец на летот и паралелно со утврдените простори за публиката и
2. Да се исполнети условите утврдени во член 18 точки 1, 2, 3 и 4 на овој правилник.

(2) Групни летови со моторни едрилици можат да се вршат ако организаторот на манифестацијата обезбеди исполнување на следното:

1. Страничната оддалеченост од просторот во кој се одвиваат летовите и просторот наменет за публика да изнесува најмалку 100 метри и
2. Да се исполнети условите утврдени во член 19 точки 1, 2, 3, и 5 на овој правилник.

(3) Акробатски летови со моторни едрилици можат да се вршат ако организаторот на манифестацијата обезбеди исполнување на следното:

1. Страничната оддалеченост од просторот во кој се одвиваат летовите и просторот наменет за публика да изнесува најмалку 150 метри и
2. Да се исполнети условите утврдени во член 19 точки 1, 2, 3, и 5 на овој правилник.

(4) Одредбите од став (2) од овој член соодветно се применуваат и на другите видови на летови со моторни едрилици.

(5) Одредбите од член 22 став (4) на овој правилник соодветно се применуваат и за нормално летање со моторни едрилици.

### 3.8 Летање со останати видови на воздухоплови

Член 24

(1) Летовите на останатите видови на воздухоплови можат да бидат одобрени ако се придржуваат на одредбите утврдени во овој правилник кои се применливи за нивната категорија.

(2) Просторот за одржување на воздухопловна манифестација во која учествуваат воздухопловни модели, треба да биде видливо ограден и означен со знаци за забрани и информации. Доколку во воздухопловната манифестација учествуваат воздухоплови со екипаж и воздухопловни модели, организаторот на манифестацијата треба да определи лице одговорно за координација на летањето на воздухопловните модели.

## 4. НАЧИН НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВНА МАНИФЕСТАЦИЈА

Член 25

(1) Воздухопловна манифестација може да се организира по претходно извршен надзор и издадено одобрение од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст: Агенцијата).

(2) Доколку воздухопловната манифестација се одржува во контролиран воздушен простор, одобрението од став (1) на овој член, Агенцијата го издава по претходно донесена одлука врз основа на прописот донесен согласно член 60 став (1) од Законот за воздухопловство.

Член 26

(1) За издавање на одобрение за организирање на воздухопловна манифестација од член 25 на овој правилник, воздухопловниот субјект поднесува барање во писмена форма до Агенцијата најдоцна осум недели пред планираниот ден на одржување на манифестацијата.

(2) По исклучок од став (1) од овој член, барањето за издавање на одобрение за организирање на воздухопловна манифестација на која учествуваат само спортски воздухоплови, се поднесува во писмена форма до Агенцијата, најдоцна 12 дена пред планираниот ден на одржување на манифестацијата.

(3) Барањето од ставовите (1) и (2) на овој член треба да ги содржи следните податоци:

1. Име и презиме или име на организација, адреса, односно седиште и контакт телефонски број на организаторот на воздухопловната манифестација;
2. Име и презиме и контакт телефонски број на раководителот на воздухопловната манифестација;
3. Вид, цел и време (датум и временски период во денот) на одржување на воздухопловната манифестација;
4. Датум и временски период на одржување на генерална проба за воздухопловната манифестација;
5. Место на одржување на воздухопловната манифестација и
6. Одлука за резервирање на воздушниот простор врз основа на прописот донесен согласно член 60 став (1) од Законот за воздухопловство.

(4) Кон барањето од ставовите (1) и (2) на овој член треба да се приложат следните документи:

1. Согласност на операторот на аеродромот за одржување на манифестацијата, а во случај кога планираната воздухопловна манифестација не се одржува на аеродром, кон барањето се приложува скица на реонот на кој е планирана манифестацијата со податоци за големината и стручна проценка за прикладноста на тој реон за одржување на планираната манифестација, како и доказ за право на користење на тој реон и
2. Елаборат за воздухопловната манифестација.

Член 27

Елаборатот од член 26 став (4) точка 2 на овој правилник треба да содржи:

1. Име и презиме на раководителот на воздухопловната манифестација кој ќе раководи со активностите поврзани со подготовка и реализација на воздухопловната манифестација;
2. Име и презиме на раководителот на летање кој ќе раководи и координира со летачките активности при подготовка и реализација на воздухопловната манифестација и кој како минимум треба да поседува дозвола за комерцијален пилот на авион или на хеликоптер, освен ако воздухопловната манифестација е од статичен карактер или на истата не учествуваат авиони и/или хеликоптери, во кој случај за раководител на летањето може

да се номинира лице со највисоко овластување впишано во дозвола за управување со воздухоплов, кој е најкомплексен воздухоплов што учествува на воздухопловната манифестација;

3. Име и презиме на раководителот на падобранските скокови, кој треба да има дозвола на падобранец со овластување на организатор на падобрански скокови или инструктор по падобранство кое ќе раководи со падобранските скокови во кординација со раководителот на летање;

4. Тип и регистарски ознаки на воздухопловите, кои ќе учествуваат во воздухопловната манифестација со фотокопии од исправите на воздухопловите, а во случај кога при поднесувањето на барањето за одобрување на воздухопловната манифестација, организаторот на манифестацијата не е во можност да ги наведе овие податоци, треба најдоцна во рок од два дена пред почетокот на манифестацијата во писмена форма да ја извести Агенцијата за типот, бројот и регистарските ознаки на воздухопловите;

5. Список на учесниците кои ќе учествуват во воздухопловната манифестација со фотокопии од нивните дозволи, односно уверенија, а во случај кога при поднесувањето на барањето за одобрување на воздухопловната манифестација, организаторот не е во можност да го достави овој список со фотокопии од дозволите, односно уверенијата, треба истото да го направи најдоцна во рок од два дена пред почетокот на манифестацијата;

6. Потпишани изјави од сите учесници на воздухопловната манифестација за тоа дека се запознати со елементите од програмата на воздухопловната манифестација;

7. Програма на воздухопловната манифестација во која организаторот на манифестацијата ги наведува бројот на планираните содржини, број на учесници и временската рамка и

8. Идентификација на опасностите и проценка на ризиците со мерки за нивно ублажување и план на организаторот на воздухопловната манифестација, за воздухопловно техничко, навигациско, метеоролошко, санитетско, противпожарно, редарско, полициско, сообраќајно и логистичко обезбедување, како и медиумско покривање на настанот.

Член 28

Координацијата на активностите поврзани со подготовката и реализацијата на воздухопловната манифестација која ја врши раководителот на летање од член 27 точка 2 на овој правилник опфаќа:

- проверување на метеоролошката ситуација и ситуацијата на аеродромот, леталиштето или теренот пред почетокот на летањето;
- одлучување за почетокот, прекинот или завршувањето на летањето;
- одржување на ред и дисциплина на аеродромот, леталиштето или теренот;
- проверување на учесниците во воздухопловната манифестација дали поседуваат соодветна дозвола/овластување;
- преземање мерки во случај кога воздухопловот или опремата е неисправна;
- преземање на мерки према лицето за кое ќе оцени дека психички или физички не е способно да лета, е под дејство на алкохол, дрога или психотропни супстанци, ги крши правилата на летање или на друг начин ја загрозува безбедноста на летањето и
- вршење на други работи поврзани со подготовка и реализација на воздухопловната манифестација.

Член 29

(1) Најдоцна десет дена пред денот на одржувањето на планираната воздухопловна манифестација, раководителот на воздухопловната манифестација доставува упатство за реализација на истата до Агенцијата, сите учесници и заинтересирани субјекти.

(2) Упатството за реализација на воздухопловната манифестација од став (1) на овој член треба да има текстуален дел со следната содржина:

- пристигнување на учесниците,
- опис на воздушниот простор разервиран за настанот,
- организација и процена за контрола и раководење со летањето,
- фрекфенции и повикувачки знаци,
- ограничувања,
- вонредни постапки,
- обезбедување на настанот,
- заминување на учесниците и
- други потребни содржини.

(3) Кон текстуалниот дел на Упатството за реализација на воздухопловната манифестација, раководителот на воздухопловната манифестација приложува:

- скица-карта во размер 1:200 000 со процедури за визуелно пристигнување – заминување, зони на чекање, воздушен простор разервиран за настанот,
- скица на аеродромот, леталиштето или местото-теренот со податоци за распоред и димензии на зоните за публика, зоните за маневар на воздухопловите со оска на работа, зона за изложба на воздухопловите, зона за скокање на падобранците, паркинг зона за службени возила (брза помош, противпожарно возило, полиција, одезбедување и слично),
- скица, односно скици за сите акробатски летови, групни или индивидуални, за секој тип на воздухоплов,
- обрасци-прашалници за учесниците кои настапуваат на манифестацијата и
- други потребни скици и шеми.

(4) Обрасците – прашалниците од став (3) алинеја 3 на овој член треба да содржат податоци потребни за медиумско презентирање и покривање на воздухопловната манифестација и истите треба да содржат податоци за:

1. членовите на екипажот;
2. летачки налет во часови на пилотите;
3. воздухопловите кои ќе бидат вклучени во воздухопловната манифестација;
4. краток опис на нивните летачки програми и
5. падобранците со нивно падобранско искуство.

Член 30

(1) Во Упатството за реализација на воздухопловната манифестација од член 29 на овој правилник, организаторот ги дефинира битните прашања за планираното, организираното и безбедно извршување на манифестацијата и служи за претходна подготовка на пријавените учесници, други структури и лица вклучени во организацијата и реализацијата на воздухопловната манифестација.

(2) Агенцијата во рок од пет дена од добивањето на Упатството за реализација на воздухопловната манифестација врши анализа и го одобрува како основен документ за воздухопловната манифестација или доколку има недостатоци, дава забелешки и предлага мерки за отстранување на евентуалните недостатоци.

Член 31

(1) Агенцијата во рок од пет дена од приемот на барањето писмено го известува подносителот на барањето за приемот на истото и за лицето одговорно за понатамошна координација со раководителот на воздухопловната манифестација.

(2) Доколку барањето е целосно и доколку се утврди дека се исполнети пропишаните услови за организирање на воздухопловна манифестација, Агенцијата ја одобрува воздухопловната манифестација по доставен доказ за платен надоместок утврден со Тарифникот на Агенцијата.

Член 32

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за услови и начин на организирање на воздухопловни манифестации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/12 и 169/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 181/23).

Член 33

Овој правилник влегува во сила со денот на негово објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-1107/2
10 септември 2025 година
Скопје

Директор на Агенција за цивилно воздухопловство,
**Драги Стојаноски,** с.р.

---

**3900.**

Врз основа на член 10 став (2), член 51 став (2) и член 118 став (2) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/24, 224/24, 3/25 и 144/25), а во врска со член 3 од Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област ратификувана со Законот за ратификација на Мултилатералната спогодба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/07, 98/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 259/19), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ЛЕТАЧКИ ОПЕРАЦИИ СО БАЛОНИ И ПИЛОТИ НА БАЛОНИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот и посебните услови за вршење летачки операции со балони и за стручно оспособување на пилоти на балони, утврдување на нивната стручна оспособеност, стекнување на соодветните исправи и формата, содржината, евиденцијата и постапката за нивно издавање, продолжување, обновување или промена, како и за признавање на стекнатото стручно оспособување, положените испити, односно исправите.

Член 2

(1) При спроведувањето на одредбите на овој правилник одделни поими го имаат следното значење:

- EASA (European Union Aviation Safety Agency) е Агенција за безбедност во воздухопловството на Европската унија и
- Национална воздухопловна власт, надлежен орган, надлежен орган на земјите членки се толкуваат, ако е применливо, како Агенција за цивилно воздухопловство (во натамошниот текст: Агенција).

(2) Поимите „Заедница (Community)“, „Право на заедницата (Community law)“, „Законски прописи на Заедницата (Community legislation)“, „Инструменти на Заедницата (Community instruments)“, „Договор за ЕЗ (EC Treaty)“, „Аеродром на Заедницата (Community airport)“, „Службен весник на Европските Заедници (Official Journal of the European Communities)“, „Службен весник на Европската Унија (Official Journal of the European Union)“, „Авиопревозник од Заедницата (Community air carrier)“ и „земја(-и) членка(-и) (Member State(s))“ употребени во ЕУ Регулативите од став (3) на овој член, се читаат согласно точките 2 и 3 од Анексот II на Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европската заедничка воздухопловна област ратификувана со Законот за ратификација на Мултилатералната спогодба („Службен весник на Република Македонија” бр. 27/07, 98/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 259/19).

(3) Одделни поими кои се употребени во овој правилник ќе го имаат значењето утврдено во Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот од 4 јули 2018 година, за заеднички правила во областа на цивилно воздухопловство и за основање на Агенција на Европската Унија за безбедност на воздухопловството и за изменување и дополнување на Регулативата (ЕЗ) бр. 2111/2005, Регулативата (ЕЗ) бр. 1008/2008, Регулативата (ЕУ) бр. 996/2010, Регулативата (ЕУ) бр. 376/2014 и Директивата 2014/30/ЕУ и Директивата 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот и за укинување на Регулативата (ЕЗ) бр. 552/2004 и Регулативата (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулативата (ЕЕЗ) бр. 3922/91 на Советот, со нејзините измени и дополнувања (во понатамошниот текст: ЕУ Регулативата 2018/1139), кои согласно член 2 од Правилникот за заедничките основни правила за безбедност кои се однесуваат на различните дејности во областа на цивилното воздухопловство, се прифатени и директно се применуваат и Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 2018/395 на Комисијатаод 13 март 2018 за утврдување на детални правила за летање со балони согласно Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот, изменета со ЕУ Регулативата бр. 2020/357 (во понатамошниот текст: ЕУ Регулатива 2018/395), која се прифаќа и директно се применува, и која е објавена на интернет страницата на Агенцијата.

Член 3

Начинот, посебните услови и правилата за безбедно вршење на летачки операции со балони и за стручно оспособување на пилоти на балони, утврдување на нивната стручна оспособеност, стекнување на соодветните исправи и формата, содржината, евиденцијата и постапката за нивно издавање, продолжување, обновување или промена, како и за признавање на стекнатото стручно оспособување, положените испити, односно исправите се пропишани во ЕУ Регулативата бр. 2018/1139 и ЕУ Регулативата 2018/395.

Член 4

При спроведувањето на ЕУ Регулативата 2018/395 и нејзините измени од член 2 на овој правилник како препорачана практика се користат:

- Одлуката 2018/004/R на извршниот директор на EASA од 23 март 2018 година која ги содржи Прифатливите начини на усогласување (Acceptable Means of

Compliance - AMC) и Упатствата за примена (Guidance Material) за членовите и за Part BOP на ЕУ Регулативата 2018/395 и

- Одлуката 2020/003/R на извршниот директор на EASA од 18 март 2020 година која ги содржи Прифатливите начини на усогласување (Acceptable Means of Compliance - AMC) и Упатствата за примена (Guidance Material) за Анекс III Part BFCL на ЕУ Регулативата 2018/395, вклучувајќи ги и сите нивни измени и дополнувања кои се објавени на интернет страницата на EASA, кои се прифаќаат и директно се применуваат.

Член 5

(1) Агенцијата согласно член 118 став (2) од Законот за воздухопловство води постапка за издавање, продолжување, обновување или промена на соодветните исправи утврдени со овој правилник.

(2) На постапките од став (1) на овој член, супсидијарно се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка доколку не е поинаку утврдено со ЕУ Регулативите 2018/1139 и 2018/395.

(3) По исклучок од став (2) на овој член во постапките кои се утврдени со овој правилник, странките може да доставуваат докази за исполнетост на пропишаните услови и на англиски јазик.

(4) По исклучок од став (2) на овој управните постапки за издавање, продолжување, обновување, ограничување и/или промена на дозволите и/или овластувањата на пилоти на балони се завршуваат во најкус можен рок, а најдоцна во рок од шест месеци од денот на нивното поведување.

(5) Рокот од став (4) на овој член започнува да тече од денот на комплетно поднесена документација за соодветното барање за што Агенцијата ќе го извести подносителот на барањето.

Член 6

Дозволите и овластувањата стекнати согласно Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на пилоти на балони („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/12) ќе останат да важат до денот на нивното истекување, но не подоцна од 1 август 2026 година, по што се заменуваат со дозволи и придружни овластувања, односно исправи согласно овој правилник.

Член 7

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и правилата на летање со балони („Службен весник на Република Македонија" бр. 134/08) и Правилникот за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на пилоти на балони („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/12).

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 октомври 2026 година.

Бр. 10-1109/2
10 септември 2025 година
Скопје

Директор на Агенција
за цивилно
воздухопловство,
**Драги Стојаноски,** с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3901.**

Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21 и член 297 став (2) и (3) од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25) и член 13 и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20, 44/21, 240/24, 109/25 и 115/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 4 септември 2025 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 18/11 и 21/11 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/21) издадена на Друштвото за производство на електрична енергија ХИДРОЕНЕРГО ПРОЕКТ ВОДОВОД ДООЕЛ Битола Прилогот се заменува со нов Прилог којшто е составен дел на оваа одлука.

2. Изменувањето и дополнувањето на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши по Барање на Друштвото поради настанати промени во седиштето на Друштвото и поради усогласувањето со Законот за енергетика* и прописите и правилата донесени врз основа на Законот за енергетика*.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 12-1882/25
4 септември 2025 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

Прилог:

## Л И Ц Е Н Ц А
## ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

**1. Назив и седиште на носителот на лиценцата**

Друштво за производство на електрична енергија ХИДРОЕНЕРГО ПРОЕКТ ВОДОВОД ДООЕЛ Битола, со седиште на ул. "16" бр. 4Г, Битола, Република Северна Македонија.

**2. Енергетска дејност за која се издава лиценцата:** Производство на електрична енергија

**3. Датум на издавање на лиценцата:** 9 февруари 2011 година

**4. Датум на важење на лиценцата:** 9 февруари 2046 година

**5. Евидентен број на издадената лиценца:** ЕЕ-ПРОИЗ-64-2011

**6. Единствен матичен број:** 6518079

**7. Единствен даночен број:** 4002009515000

**8. Подрачје на кое се врши енергетската дејност**

Носителот на лиценца, енергетската дејност производство на електрична енергија ќе ја врши во хидроелектроцентрала МХЕЦ "ХИДРОЕНЕРГО ПРОЕКТ ВОДОВОД" изградена на локалитетот „Стара филтерница Довлеџик", на КП бр. 5375, КО Битола, Општина Битола.

**9. Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно производство и испорака на електрична енергија до точката на прием во електродистрибутивниот или електропреносниот систем,
- врши продажба на произведената електрична енергија,
- нуди системски услуги на операторот на електропреносниот систем заради балансирање на системот, согласно расположливите производни капацитети и барањата утврдени во правилата за пазар на балансна енергија на електроенергетскиот систем и мрежните правила за пренос на електрична енергија,
- обезбедува достапност на договорените количини на електрична енергија и/или системски услуги до точката на прием во електропреносниот или електродистрибутивниот систем во согласност со условите и обврските од лиценцата, како и со договорот за приклучување,
- ги одржува во оперативна состојба сите потребни технички ресурси, вклучително и уреди за телеметрија на тековното производство,
- доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на електродистрибутивниот систем во согласност со мрежните правила,
- доставува до операторот на електропреносниот систем и операторот на пазарот на електрична енергија податоци и информации од договорите за купување и продажба на електрична енергија, расположливоста на производниот капацитет и/или системските услуги, освен деловно-финансиските податоци,
- е опремен со сите потребни технички ресурси за доставување на информации до соодветниот оператор на електропреносен или електродистрибутивен систем вклучително и уреди за далечинско мерење на производството во реално време,
- има право да купува електрична енергија на пазарот на електрична енергија, да обезбедува други енергенти, како и да презема други дејствија на пазарите за енергија заради оптимизирање на своето производство и трошоците во работењето, освен производител на електрична енергија од обновливи извори кој користи повластена тарифа,
- ги чува сите податоци најмалку пет години што се однесуваат на работењето на електроцентралите, од кои можат да се утврдат и проверат за секој поединечен час сите негови оперативни одлуки поврзани со диспечирање и неговото учество на пазарите на електрична енергија, во кои се вклучени и податоци за расположливите производствени капацитети и понудените и активираните системски услуги на ниво на електроцентрала во периодите кога се одвива тргувањето и производството, како и за учество на аукциите за интерконективни капацитети, само во случај која производителот на електрична енергија е сопственик и/или управува со електроцентрала со инсталирана моќност еднаква или поголема од 200 MW, или поседува повеќе електроцентрали со вкупна инсталирана моќност еднаква или поголема од 400 MW,
- овозможи увид на податоците за електроцентралите, кои се со моќност еднаква или поголема од 200 MW, или повеќе електроцентрали со вкупна инсталирана моќност еднаква или поголема од 400 MW, на Регулаторната комисја за енергетика, на Сектретаријатот на Енергетската заедница во согласност со обврските на Република Северна Македонија од ратикуваните меѓународни договори, како и на Комисијата за заштита на конкуренцијата во согласност со прописите со кои се уредува заштита на конкуренцијата,
- не го нарушува квалитетот на електричната енергија во електропреносниот или електродистрибутивниот систем,
- им ги обезбеди на операторот на електропреносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, операторот на електродистрибутивниот систем, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски од лиценците, во согласност со мрежните правила за пренос на електрична енергија, мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и правилата за пазар на електрична енергија,
- доставува податоци и информации согласно правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува согласно член 5 од Законот за енергетика*,
- да доставува известувања за сите околности, настани и промени коишто имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,
- да ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршење на енергетската дејност, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа,
- да овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци.

**10. Обврска за доставување на Годишен извештај за работењето**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година да достави Годишен извештај за работењето, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината,

2) годишна завршна сметка со сите прилози во која одделно ќе биде прикажан приходот од вршење на енергетската дејност за која се издава лиценцата,

3) преземени мерки во текот на извештајната година за:

- заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,

- безбедност и здравје при работа,
- кадровска екипираност, обука и стручно усовршување на вработените,
- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,
- извршување на мониторинг на работењето,
- вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба,

4) извршување на годишната програма за ремонти,

5) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година,

6) извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли.

**11. Доверливост на информациите**

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија.

**12. Квалитет на услугата**

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

**13. Мерење на произведената електрична енергија и моќност**

Мерењето на произведената, односно испорачаната електрична енергија во електропреносниот или електродистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место на начин и постапка утврдени согласно мрежните правила за пренос на електрична енергија, односно мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

**14. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

**15. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

**16. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност**

Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија во хидроелектроцентрала МХЕЦ "ХИДРОЕНЕРГО ПРОЕКТ ВОДОВОД" со следните технички карактеристики:

а) назив на хидроелектроцентрала: МХЕЦ "ХИДРОЕНЕРГО ПРОЕКТ ВОДОВОД"

б) број на производни единици: една производна единица

в) година на пуштање во работа на агрегатот: 2010 година

г) проценет животен век на агрегатот: 20 години

д) податоци за турбина:
- тип: Франсис со хоризонтално вратило
- производител: Турбоинститут Љубљана
- нето пад при максимален проток: 64 m
- максимален проток: 0,8 $m^3/s$
- максимална моќност: 440 kW
- вртежна брзина: 1000 min-1
- коефициент на корисно дејство: 0,9-0,92

е) податоци за генератор:
- тип: трофазен синхрон генератор со хоризонтално вратило и воздушно ладење
- производител: MARRELI GENERATORS-ITALY
- максимална моќност: 550 kVA
- вртежна брзина: 1000 min-1
- фактор на моќност (cos φ): 0,80
- напон: U=400V

ж) податоци за трансформатор:
- тип: трофазен
- производител: ELLETTROMECCANICA PIOSSASCO ITALY
- преносен однос: 0,4/20 kV.

---

Në bazë të nenit 54, paragrafi (1), pika 1.21, nenit 297, paragrafët (2) dhe (3) të Ligjit të Energjetikës* ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 101/25 dhe 135/25), nenit 13 dhe nenit 21 paragrafi (1), pika 5) të Rregullores së Licencave („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20, 44/21, 240/24, 109/25 dhe 115/25), Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 4 shtator 2025, solli këtë

**V E N D I M**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LICENCËS PËR USHTRIMIN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE TË PRODHIMIT TË ENERGJISË ELEKTRIKE**

1. Në Vendimin për Dhënien e Licencës për Ushtrimin e Veprimtarisë Energjetike të Prodhimit të Energjisë Elektrike ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 18/11 dhe 21/11 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 99/21) të dhënë për Shoqërinë e Prodhimit të Energjisë Elektrike HIDROENERGO PROEKT VODOVOD SHPKNJP Manastir, Shtojca zëvendësohet me shtojcë të re, e cila është pjesë përbërëse e këtij Vendimi.

2. Ndryshimi dhe plotësimi i licencës nga pika 1 e këtij Vendimi bëhet me kërkesë të shoqërisë për shkak të ndryshimeve të ndodhura në selinë e shoqërisë dhe për shkak të harmonizimit me Ligjin e Energjetikës si dhe me rregulloret dhe rregullat e miratuara në bazë të Ligjit të Energjetikës*.

3. Ky vendim hyn në fuqi në ditën e sjelljes së tij, ndërsa botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe publikohet në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

PA1 nr. 12-1882/25
4 shtator 2025
Shkup

Komisioni Rregullator i Energjetikës, Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetari,
**Марко Бислимоски,** d.v.

Shtojcë:

## L I C E N C Ë
## PËR USHTRIMIN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE TË PRODHIMIT TË ENERGJISË ELEKTRIKE

**1. Emri dhe selia e bartësit të licencës:**
Shoqëria e Prodhimit të Energjisë Elektrike HIDROENERGO PROEKT VODOVOD SHPKNJP Manastir, me seli në rr. “16” nr. 4G, Manastir, Republika e Maqedonisë së Veriut.

**2. Veprimtaria energjetike, për të cilën jepet licenca:** prodhim i energjisë elektrike

**3. Data e dhënies së licencës:** 9 shkurt 2011

**4. Data e skadimit të licencës:** 9 shkurt 2046

**5. Numri evidentues i licencës së dhënë:** ЕЕ-ПРОИЗ-64-2011

**6. Numri amzë:** 6518079

**7. Numri tatimor:** 4002009515000

**8. Rajoni ku ushtrohet veprimtaria energjetike**
Bartësi i licencës e ushtron veprimtarinë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike nga hidrocentrali elektrik HCEV “HIDROENERGO PROEKT VODOVOD” e ndërtuar në lokacionin “Stara Filternica Dovlexhik”, në PK nr. 5375, KK Manastir, komuna e Manastirit.

**9. Detyrimet e përgjithshme të bartësit të licencës**
Bartësi i licencës është i detyruar:
- të sigurojë prodhim dhe dërgesë të sigurt, të vazhdueshme dhe cilësore të energjisë elektrike deri në pikën e pranimit në sistemin e shpërndarjes apo të transmetimit të energjisë elektrike,
- të ushtrojë shitje të energjisë së prodhuar,
- t’i ofrojë shërbime sistemore operatorit të sistemit të transmetimit të energjisë elektrike për qëllim të balancimit të sistemit, në përputhje me kapacitetet prodhuese të disponueshme dhe kërkesat e përcaktuara me Rregullat e Tregut të Energjisë Balancuese të Sistemit Elektroenergjetik dhe Rregullat e Rrjetit të Transmetimit të Energjisë Elektrike,
- të sigurojë disponueshmërinë e sasisë së energjisë elektrike dhe/ose të shërbimeve sistemore deri në pikën e pranimit në sistemin e transmetimit ose të shpërndarjes sipas marëveshjes, në përputhje me kushtet dhe detyrimet e përcaktuara në licencë, si dhe me marrëveshjen për kyçje,
- të mirëmbajë në gjendje operative të gjitha burimet teknike të nevojshme, përfshirë pajisjet për telemetrinë e prodhimit aktual,
- të dorëzojë raporte, të dhëna dhe informacione tek operatori i sistemit të transmetimit ose tek operatori i sistemit të shpërndarjes, në përputhje me rregullat e rrjetit,
- të dorëzojë tek operatori i sistemit të transmetimit të energjisë elektrike dhe tek operatori i tregut të energjisë elektrike të dhëna dhe informacione nga marrëveshjet për blerjen dhe shitjen e energjisë elektrike, disponueshmërinë e kapaciteteve prodhuese dhe/ose të shërbimeve sistemore, përjashtuar të dhënat afariste-financiare,
- të jetë i pajisur me të gjitha burimet teknike të nevojshme për dorëzimin e informacioneve te operatori përkatës i sistemit të transmetimit ose i sistemit të shpërndarjes, duke përfshirë edhe pajisjet për matje në distancë të prodhimit në kohë reale,
- ka të drejtë të blejë energji elektrike në tregun e energjisë elektrike, të sigurojë burime të tjera energjetike, si dhe të ndërmarrë veprime të tjera në tregjet e energjisë për të optimizuar prodhimin e vet dhe shenzimet e funksionimit, përveç prodhuesit të energjisë elektrike nga burime të rinovueshme që përdor tarifë preferenciale,
- t’i ruaj të gjitha të dhënat për të paktën pesë vjet që lidhen me funksionimin e centraleve elektrike, nga të cilat mund të përcaktohen dhe verifikohen për çdo orë individuale të gjitha vendimet e tij operative në lidhje me dispeçimin dhe pjesëmarrjen në tregjet e energjisë elektrike. Këtu përfshihen edhe të dhëna për kapacitetet prodhuese të disponueshme dhe shërbimet sistemore të ofruara dhe të aktivizuara në nivel të centralit elektrik gjatë periudhave kur zhvillohet tregtimi dhe prodhimi, si dhe për pjesëmarrjen në ankandet për kapacitete ndërlidhëse, vetëm në rast se prodhuesi i energjisë elektrike është pronar dhe/ose menaxhon një central elektrik me kapacitet të instaluar prej të paktën 200 MW ose më tepër, ose zotëron disa centrale elektrike me kapacitet të përgjithshëm të instaluar prej të paktën 400 MW ose më tepër,
- t’i mundësojë qasje në të dhënat për centralet elektrike me kapacitet të barabartë ose më të madh se 200 MW, apo disa centrale elektrike me kapacitet të përgjithshëm të instaluar të barabartë ose më të madh se 400 MW, Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Sekretariatit të Komunitetit Energjetik në përputhje me obligimet e Republikës së Maqedonisë së Veriut nga marrëveshjet ndërkombëtare të ratifikuara, si dhe Komisionit për Mbrojtjen e Konkurrencës në përputhje me dispozitat që rregullojnë mbrojtjen e konkurrencës,
- nuk e cenon cilësinë e energjisë elektrike në sistemin e transmetimit ose të shpërndarjes
- t’i sigurojë operatorit të sistemit të transmetimit, operatorit të tregut të energjisë elektrike dhe operatorit të sistemit të shpërndarjes të gjitha të dhënat dhe informacionet e nevojshme për përmbushjen e detyrimeve të tyre sipas licencave, në përputhje me Rregullat e Rrjetit të Transmetimit të Energjisë Elektrike, Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike dhe Regullat e Tregut të Energjisë Elektrike,
- të dorëzojë të dhëna dhe informacione në përputhje me Rregulloren e Mënyrës dhe Procedurës së Monitorimit të Funksionimit të Tregjeve të Energjisë,
- të udhëheqë kontabilitet të veçantë për secilën veprimtari energjetike veçmas që e ushtron apo për veprimtari të tjera që i ushtron, sipas nenit 5 të Ligjit të Energjetikës*,
- të dorëzojë njoftime për të gjitha rrethanat, ngjarjet dhe ndryshimet që kanë ose mund të kenë ndikim ndaj ushtrimit të veprimtarisë energjetike,
